МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

„Малолетнички криминалитет и положбата на малолетниците во кривичната постапка“

СТУДЕНТ: НАТАЛИ МАНОВА
БРОЈ НА ИНДЕКС: M217016
МЕНТОР: Д-Р МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

Свети Николе, 2022

АПСТРАКТ

Со оглед на тоа дека малолетниците се наоѓаат во специфична старосна доба која е исполнета со многу биолошки, психолошки и социјални промени, а кои се гледаат првенствено во нивното созревање, спрема малолетниците се превземаат специфични мерки со цел нивно превоспитување образование и создавање работни навики. Заради таквите карактеристики на малолетниците, во рамките на кривичното право се издвојува област која се занимава исклучиво со малолетниците, па во тој смисол можеме да зборуваме за малолетничко кривично право.

Во склад со погоренаведеното постои и посебна кривична постапка која се води спрема малолетните извршители на кривични дела, која според своите карактеристики се разликува од кривичната постапка која се води спрема полнолетни лица. Истата ќе ја разгледаме и апсолвираме низ трите клучни аспекти преку кои малолетниците учествуваат во неа и тоа: како сторители на кривично дело, како жртви на кривично дело и како сведоци.

Клучни зборови:

Малолетници

Малолетничко престапништво

Малолетничка деликвенција

Деца

Кривична постапка

Јавен обвинител

Судија за деца

Совет за деца

Центар за социјална работа

Воспитни мерки

СОДРЖИНА:

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Вовед.....8

План за работа.....10

1. Поим за малолетници 12

1.1 Поим и значење на проучувањето на криминалитетот на малолетниците 12

2. Начела на постапката спрема малолетници.....18

3. Модели на кривична постапка спрема малолетници.....18

4. Субјекти на кривичната постапка за малолетници.....22

4.1 Суд за малолетници.....22

4.2 Јавен обвинител за малолетници 25

4.2.1 Начело на опортунитет во постапката спрема малолетници.....25

4.3 Бранител.....28

5. Улога на Центарот за социјална работа во постапката спрема малолетници.....28

6. Кривична постапка спрема малолетници 30

6.1 Поведување постапка спрема малолетници.....30

6.2 Подготвителна постапка спрема малолетници.....31

6.2.1 Мерка за привремено сместување на малолетникот.....33

6.2.2 Притвор спрема малолетници 34

6.3 Постапка пред совет за малолетници.....35

6.3.1 Седница на советот 35

6.3.1.1 Главен претрес 36

6.3.1.2 Одлуки на советот за малолетници 37

6.4 Пресуда во постапката спрема малолетници.....38

6.5 Решение за примена на воспитни мерки во постапката спрема малолетници.....39

6.6 Решение за откажување на постапката спрема малолетници.....39

6.7 Правни лекови во постапката спрема малолетници 39

7. Положбата на малолетникот во кривичната постапка.....41

7.1 Положба на малолетникот како оштетен (жртва) во кривичната постапка.....43

7.2 Положба на малолетникот како сведок во кривичната постапка 48

7.3 Положба на малолетниот сторител на кривично дело 51

8. Кривични санкции кои можат да се применат спрема малолетни сторители на кривични дела 52

8.1 Воспитни мерки 53

8.2 Мерки на предупредување и упатување 54

8.3 Мерки на засилен надзор.....56

8.4 Заводски мерки 57

9. Казнување на деца.....59

9.1 Казна малолетнички затвор.....59

9.2 Парична казна 60

9.3 Алтернативни мерки.....61

9.4 Мерки на безбедност.....62

9.5 Надзор над извршувањето на кривичните санкции спрема малолетниците, запирање на извршувањето и измена на одлуката за воспитни мерки 62

10. Превенција на детското престапништво.....64

10.1 Програми 69

10.2Државен совет и општински совет за превенција 70

11. Примена на воспитните мерки во споредбеното кривично законодавство.....73

11.1 Франција 73

11.2 Белгија.....73

11.3 Швајцарија.....74

11.4 Германија 74

11.5 Бугарија 74

11.6 Украина 75

11.7 Србија.....75

11.8 Италија.....76

11.9 Руска Федерација.....78

11.10 Република Хрватска 78

II ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ.....80

III АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....97

Заклучок.....103

Користена литература 106

Список на кратенки

ЗКП – Закон за кривична постапка

КЗ – Кривичен Закон

ЗПД- Закон за правда на децата

ЗМП- Закон за малолетничка правда

КПД- Конвенција за правата на детето

ЦСР- Центар за социјална работа

МВР- Министерство за внатрешни работи

ЈО- Јавно обвинителство

ДЗС- Државен завод за статистика

ВП дом- Воспитно-поправен дом

Вовед

Образложение на научната и истражувачката оправданост на темата

Обидот да се проникне во генезата на малолетничкиот криминалитет не е воопшто лесна работа бидејки деликвентните однесувања кај малолетниците не ги засегаат само семејните туку се повеќе ги засегаат и општествените прилики. Што е тоа што се јавува кај личноста на малолетникот што го тера да тргне по деструктивен пат и на тој начин да почне да се оддалечува од социјално прифатливото однесување, е прашање кое долго време ја интересира научната јавност но и обичниот народ.

И во минатото оваа популација од населението била позната по вршењето на кривични дела, но во последниве години покрај порастот на самите кривични дела кои ги вршат, посебно загрижува безобзирноста која овие извршители ја покажуваат при извршување на кривичните дела. Од научен аспект голема е важноста да се обидеме да откриеме кои се социјалните, надворешни фактори кои влијаат и ги потикнуваат малолетниците на ваквиот облик на однесување, но во никој случај не смеат да се занемарат ниту субјективните, внатрешните причини кои имаат важен одраз, врз личноста и со тоа и на однесувањето на малолетниците.

Исто така од наш интерес е да се направи обид научно да се објасни зошто одредено малолетно лице со исти надворешни и слични внатрешни фактори тргнува по патот на општествено неприфатливо објаснување, а во исто време други малолетници кои живеат во исти или слични животни услови не го прифаќаат и практикуваат девијантното однесување.

Истражувањето на положбата на малолетниците во кривичната постапка има големо научно и општествено значење. Со оглед на тоа што малолетничкиот криминалитет претставува голем општествен проблем кој има тенденција на постојан пораст, потребен е интердисциплинарен пристап на овој проблем, што подразбира ангажирање психолози, педагози и други лица кои имаат искуства во работата со деца.

Водењето на кривичната постапка спрема малолетниците не е насочено само кон казнување на истите туку негова основна цел е специјалната превенција. Учесниците во постапката мораат преку надзор, пружање заштита и помош на малолетникот, како

и обезбедување општо и стручно оспособување - да влијаат на развојот и јакнењето на личната одговорност на малолетникот со цел тој да преземе одговорност за своите дела и повторно да се вклучи во општествената заедница. Исто така во кривичната постапка спрема малолетниците огромна улога има и ЦСР- центарот за социјална работа.

Од друга страна кога се во прашање малолетници кои се жртви на кривични дела или сведоци на истите потребно е да се пронајдат начини и методи за сослушување на малолетниците прилагодени на нивната личност, се со цел кривичната постапка да не влијае негативно на развојот и растот на малолетникот, што би овозможило негова секундарна виктимизација.

Со оглед на тоа што предмет на мојот магистерски труд е постапувањето со малолетниците во кривичната постапка, нема да се задржам само на положбата на малолетните извршители на кривични дела туку ке ги опфатам и другите можни улоги на малолетниците во кривичната постапка. Имено, ќе ја проучам положбата на малолетникот како оштетен (жртва) на кривично дело и улогата на малолетникот како сведок во кривична постапка. Во оваа смисла ваквите положби на малолетниците во кривичната постапка ќе бидат разгледани и преку субјетите кои имаат директен и непосреден контакт со малолетниците низ оваа постапка а тоа се: Полицијата- МВР , Центарот за социјална работа- ЦСР, Јавното обвинителство- ЈО и Судот .

План за работа

Во мојот магистерски труд ке ја разгледаме правната положба на малолетните сторители на кривични дела и нивното судење пред надлежните правосудни органи, ќе утврдиме во која мерка малолетничкото кривично право и правосудството се ускладени со стандардите од мегународните акти, пред се со Стандардните минимални правила за примена на судските постапки спрема малолетниците (т.н. „Пекиншки правила“).

За потребите на истражувањето ќе користиме дефиниција според која воспитните мерки се вид на кривични санкции кои се применуваат спрема малолетни сторители на кривични дела, со исклучок и спрема помладите полнолетни лица а истите се ориентирани кон нивно воспитување, поправање и правилен развој.

Целта е да дојдеме до заклучок дека со помош на нив подобро се остварува целта на казнената политика за разлика од казните. Клучни зборови кои ќе преовладуваат во мојот магистерски труд се: посебни правила, малолетничко правосудство, малолетник, деца во судир со законот, деца во ризик, обвинител за малолетници, судија за малолетници, стручни советници на судот и обвинителството, орган за старателство, Центар за социјална работа, ментален развој, когнитивен развој, физички развој, воспитни мерки, медијација, подготвителна постапка, прифатен центар за деца и малолетници, ресоцијализација, рехабилитација, реинтерграција- нивното значење е дадено во Закон за правда на децата.

Почетокот на мојот труд односно првиот дел ќе биде посветен на криминалитетот на малолетниците односно дефинирање на поимот малолетник и малолетничка деликвенција, причините за девијантно однесување и субјективни и социоекономски фактори кои влијаат на малолетничката деликвенција. Имајки во предвид дека во областа на малолетничкото материјално процесно и извршно право во последните години се внесени низа на нови решенија, потоа ќе се задржам на државната реакција на малолетничкиот криминалитет гледана преку субјектите на кривичната постапка спрема малолетниците, а тоа се судијата за малолетници, јавниот обвинител за малолетници, полицијата и центарот за социјална работа.

Во вториот дел на мојот труд ке ја обработам постапката која се води спрема малолетниците гледана низ призмата на државните субјекти. Со оглед на тоа што малолетничката деликвенција во голема мера се разликува од криминалитетот кој го вршат полнолетните лица, самата постапка која се води спрема малолетниците е организирана различно во однос на редовната кривична постапка. Карактеристиките на кривичната постапка спрема малолетници имаат бројни и значителни разлики од редовната кривична постапка и истите и даваат посебни обележја на самата постапка и на процесната положба на малолетниците. Начелно овие карактеристики се однесуваат односно произлегуваат од субјектите на кривичната постапка, покренувањето и текот на постапката како и одлуките на судот и постапката по жалби. Кривичната постапка спрема малолетници ќе ја обработам низ три стадиуми: подготвителна постапка, постапка пред совет за малолетници и постапка по правни лекови. Ќе ги разгледаме начелата на кривичната постапка спрема малолетници кои имаат исклучива примена во постапката спрема малолетници, како и моделите на кривичната постапка спрема малолетници.

Во третиот дел ке ги обработам воспитните мерки како средство за сузбивање на малолетничкиот криминалитет. Со реформите во малолетничкото кривично право во секоја држава главна цел во извршувањето на кривичните санкции спрема малолетниците е нивното воспитување а не казнување. Секоја од кривичните санкции која може да се примени спрема малолетници, видот и начинот на нивната примена, поединечно ќе бидат проучени во мојот труд а тоа се воспитни мерки, казна малолетнички затвор, мерки на безбедност како и предностите и недостатоците на секоја од нив.

И како последен дел е истражувачкиот дел во кој ке бидат обработени и презентирани статистички податоци за малолетничкиот криминалитет во Р.С Македонија од 2017 до 2021 година и изречените санкции.

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1. Поим за малолетници

Во целокупното право воопшто малолетниците уживаат посебен статус кој е различен од статусот на полнолетните лица заради својата возраст и специфичноста во психофизичкиот развој. Нашиот законодавец во ЗМП- Законот за малолетничка правда под изразот малолетно лице подразбира секое лице на возраст до 18 години кое според „Конвенцијата за правата на детето“ се смета за дете [1].

1.1 Поим и значење на проучувањето на криминалитетот на малолетниците

Криминалитетот е најтешкиот облик на малолетничко престапништво. Значаен е по тоа што во значителна мера е застапен во целокупниот криминалитет но и по обемноста во поединечни негови појавни облици . Малолетничкиот криминалитет е пократок од поимот малолетничка деликвенција и ги опфака само оние однесувања на малолетните престапници кои се инкриминирани како кривични дела.

Обемот на малолетничкиот криминалитет од година во година постојано е во пораст, и тоа особено се манифестира преку имотен и насилен криминалитет и сооучесништво во извршување на кривичните дела од страна на малолетниците. Со оглед на фактот дека малолетниците претставуваат една од најранливите општествени категории од овде произлегува потребата за понатамошно проучување и истражување како негативна општествена појава а се со цел изнаоѓање најдобри начини за превенција, рехабилитација и сузбивање на овој тип на криминалитет.

Субјективни и социоекономски фактори кои влијаат на малолетничката деликвенција

Под малолетничка деликвенција[2] се подразбира широк спектар на однесување на малолетниците, од неприлагодено до криминално однесување. Постојат два пристапи за решавање на овој проблем а тоа се широк или криминолшко-социолошки и краток или формално-правен. Според поширокото сфаќање малолетничката деликвенција ја

[1] Закон за малолетничка правда , чл.12

[2] Поимот се среќава како малолетничка деликвенција (лат. delictum) и како малолетничка деликвенција (лат. delinquere).

сочинуваат сите облици на девијантно однесување на малолетниците, од пред деликвентно па се до она кое е инкриминирано во кривично-правното законодавство.

Пократкото сфаќање, кое е почесто застапено помегу Европските теоретичари се совпаѓа со поимот малолетнички криминалитет и ги опфака оние однесувања на малолетниците кои како и за полнолетните лица се инкриминирани во кривичните закони како кривични дела. Ова сфаќање ги издвојува вршењата на кривични дела како општествено најопасен облик на однесување на малолетниците.[3]

Заради специфичностите поврзани за биолошките, психосоцијалните, криминално политичките фактори како и заради посебното место кое малолетните лица го имаат во правниот систем, малолетничката деликвенција се издвојува како посебна категорија во рамките на општиот криминалитет.

Етиологијата на малолетничката деликвенција се гледа во рамките на макро и микро фактори на криминалитетот воопшто. Сооглед на тоа дека се работи за деликвенти кои се биолошки, психолошки и социјално различни од полнолетните лица потребно е да се укаже на некои специфичности во делувањето на поединечни криминогени фактори. Етиологијата на малолетничката деликвенција како и етиологијата на криминалитетот воопшто можно е да се објасни преку влијанието на факторите на социјалната средина (егзогени фактори) или надворешни и фактори врзани за личноста (ендогени фактори).[4]

Меѓу нив спаѓаат фактори како што се :

- Генетски и пренатални биолошки фактори
- Семејни фактори
- Недостаток на позитивни семејни влијанија
- Индивидуални фактори или биолошки медијатори
- Пол
- Возраст
- Хиперактивност

[3] Авдић Селведин, Породица као фактор малолетничке делинквенције, Зборник радова Правног факултета у Нишу, Правни факултет Ниш, 2012

[4] Hrnčić, Jasna, „Depresija i delinkvencija“ Beograd: Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, 2011

- Вербални способности
- Намалена самоконтрола
- Агресивност
- Проблем на адекватно разбирање на ситуацијата
- Ниска социјална компензација
- Намалено самопочитување
- Стрес и слично.[5]

Исто така важни фактори се училиштето и поширокото општествено влијание (соседство, сиромаштија социјална анемија, пристап до алкохол и опојни дроги, ефикасност на кривично правната репресија, етикетирање, масмедиуми и слично).

Еден од најзначајните криминогени фактори на социјалната средина е семејството во кое живее малолетникот. Деградирано, или т.н дефициентно семејство претставува криминално огниште каде родителите се тие од кои децата учат криминално да се однесуваат, и истото представува еден од факторите кои најсилно делуваат на малолетниците да вршат кривични дела.

Уште еден значителен криминоген фактор за појава на малолетничка деликвенција е социоекономскиот статус на малолетните деликвенти. Малолетниците кои потекнуваат од семејства со слаби или без никакви примања со низок социјален статус во склоп со дејствата на другите криминогени фактори, може да се каже дека се предодредени за криминално однесување најчесто со цел да дојдат до средства за живот. Обемот на малолетничка деликвенција расте за време на војна како и непосредно после завршување на воени судири. Со други зборови можеме да кажеме дека војната представува еден од факторите кои влијаат врз промена на обемот и појавните облици на малолетничката деликвенција.

Исто така како еден од факторите за зголемување на обемот на малолетничка деликвенција претставуваат средствата за масовна комуникација. Под средства за масовна комуникација или т.н мас медиуми можеме да ги наведеме интернетот, телевизијата, радиото и видео игрите.

[5] Димитриевич: Личност малолетних деликвента- Годишњак за психологију Филозофски факултет Ниш 2006

Криминогени фактори кои се врзуваат за личноста претставуваат посебен збир на фактори како што се интелигенција, карактер, мотиви, ментални пореметувања, темпарамент, емоции кои доведуваат до деликвентното однесување кај малолетниците.[6]

Државна реакција на криминалитетот на малолетниците

Со оглед на тоа што малолетничката деликвенција по многу нешта се разликува од криминалитетот кај полнолетните лица, одовде и постапката спрема малолетниците е организирана многу поразлично во однос на редовната кривична постапка. Карактеристиките на постапката спрема малолетниците ги сочинуваат многу посебни процесни институти, бројни и значајни одстапувања од редовната кривична постапка, како и посебни обележја на самата постапка и проценатa положба на малолетниците.[7]

Начелно тие особености се однесуваат на субјектите на постапката, покренувањето и текот на постапката, одлуките на судот и постапката по жалби. Тие особености се согледуваат преку следните показатели:

- Не постојат посебни малолетнички судови, туку во основните судови со проширена надлежност се формирани Специјализирани судски оддели за криминалитетот на децата кои ги сочинуваат судии за деца, совети за деца и советници за деца кои се специјализирани за предметите од таа област.
- Единствен тужител во кривичната постапка спрема малолетници е јавниот обвинител за малолетници и тоа за сите кривични дела. Всушност во постапката спрема малолетници не постои оштетениот како тужител ниту приватен тужител туку јавниот обвинител за малолетници покренува постапка и за дела кои се гонат по предлог на оштетениот или по приватна тужба. Овде оштетениот не може да биде ниту приватен ниту супсидијарен тужител.
- Предвидена е можност да се покрене постапка и истата да се спроведе и без тужител, што представува најголемо одстапување од начелото „nemo iudex sine actore“[8] што значи дека судот не е врзан со предлог на тужител во поглед на

[6] Киткањ, Зоран, „Престапничко однесување кај малолетните лица“, Скопје:Филозофски факултет, 2013
[7] Камбовски, Владо, „Казнено право-Општ дел“, Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј, 2011
[8] Камбовски. В Теоретски основи на новиот законски модел на малолетничка правда , Македонска ревија за казнено право и криминологија бр 3 2006 год.

изрекување на кривична санкција спрема малолетник, ниту важи принципот на поврзаност на пресудата со обвинение.

- Постапката спрема малолетници е организирана во три стадиуми и тоа: подготвителна постапка , постапка пред совет за малолетници, и постапка по правни лекови. Таа не поминува низ сите фази кои ги има општата кривична постапка, и во најголем број случаи после спроведената подготвителна постапка се изостава главен претрес па обично врз основ на собраниот материјал се донесува судска одлука од страна на советот.[9]
- После завршување на постапката спрема малолетници и донесување правосилна одлука не се завршува истовремено и активноста на судот за малолетници и обвинителот за малолетници, туку им се става во надлежност вршење на надзор над извршувањето на воспитни мерки. Додека судот за малолетници може да биде овластен да донесува одлуки за прекин на извршувањето или измена на одлуките за воспитни мерки.
- Од постапката спрема малолетници исклучена е општата јавност додека со исклучоци е дозволена ограничена јавност со цел да се спречи нанесување на штета врз идниот развој на малолетниците. Општата јавност не присуствува на работите во врска со подготвителната постапка како и на судењето пред совет во главната постапка. Содржината на тие работи ја знаат само учесниците на постапката. Општата јавност е исклучена од целокупниот тек на постапката спрема малолетници. Во текот на главната постапка советот може да нареди да се одстранат сите или поединечни лица освен јавниот обвинител за малолетници, бранителот и претставникот од центарот за социјални работи, а исто така може да нареди за време на изведување на поединечни докази или исказ на странки и самиот малолетник да се одстрани од заседание. Учесниците во постапката и другите лица неможат да го објават текот на постапката спрема малолетникот ниту одлуката која е донесена во таква постапка без дозвола на судот.

  Може да се објави само оној дел од постапката односно само оној дел од одлуката за кој постои одобрување, но и тогаш не смее да се наведе името на малолетникот

[9] Димитриевич , Д . Проблеми кривичног поступка према малолетницима Институт за криминолошки и социолошка истраживања Београд 2007

или други податоци врз основ на кои може да се заклучи за кој малолетник станува збор. Оваа забрана е од траен карактер.

- Итност на постапката која ги обврзува органите кои учествуваат во постапката спрема малолетниците и други органи и установи од кои се бараат известувања или мислења, најбрзо да постапат со цел тоа побрзо да се заврши постапката. На жалост станува збор за декларативна одредба која нема практично значење. Покрај оваа одредба ЗКП посебно пропишува обврска за судијата за малолетници да го известува претседателот на судот секој месец во врска со тоа кои предмети за малолетници не се завршени како и за причините поради кои постапката по поединечни предмети сеуште е во тек. Врз основа на тоа претседателот на судот во зависност од потребата, превзема мерки за забрзување на постапката.[10]
- Исклучено е судење во одсуство на малолетниците. Неможе да се суди малолетник кој е во бегство, недостапен или кој не дошол во судот. Се предвидува обврска малолетниците да присуствуваат во кривичната постапка а во исто време се остава можност судот привремено да го одстрани малолетникот при изведување на некои процесни работи доколку тоа е штетно за неговиот психофизички развој.
- Обврска за внимателно постапување спрема малолетниците . При превземање на работи во присуство на малолетниците а особено при нивното сослушување, учесниците во постапката се должни да постапуваат претпазливо водејки сметка за зрелоста, личните својства и заштита на приватноста на малолетникот, со цел водењето на кривичната постапка да не влијае штетно врз развојот на малолетниците. Во врска со ова во ЗКП е предвидено при сослушување на малолетно лице да се постапува внимателно со цел да не се влијае на психичката состојба на малолетникот а ако е потребно сослушувањето да се изврши со помош на педагог и друго стручно лице.
- Задолжителна е стручна одбрана за сите кривични дела, па така малолетникот мора да има бранител во првото сослушување како и во текот на целата постапка. Бранител на малолетник може да биде само адвокат кој стекнал посебни знаења од областа на правата на детето и престапништвата на младите. Доколку малолетникот

[10] Камбовски . В Велкова .Т.: Малолетничка правда , документи на Обиденетите нации , закон за малолетничка правда со коментари 2 август Штип 2008

или неговото семејство не повикаат адвокат истиот ке му биде доделен по службена должност од страна на судијата за малолетници.

- Посебна улога на ЦСР кој се јавува како спореден субјект во однос на судот кој има право да иницира покренување постапка за малолетници да се запознае со текот на спроведување на постапката, во текот на постапката да доставува предлози и да укажува на фактите и доказите кои се од важност за донесување на правилна одлука. Јавниот обвинител има обврска да го извести центарот за социјални работи за покренување на постапка за малолетникот.
- Значително е пократка погодноста за ослободување од должност за сведочење. Никој не може да биде ослободен од должноста да сведочи за околности чие утврдување е потребно заради оценување на душевната развиеност или зрелост на малолетникот, запознавање на неговата личност и приликите во кои живее.

2. Начела на постапката спрема малолетници

Покрај начелата кои претставуваат основни раководни идеи во општата кривична постапка, постојат и начела кои се специфични и кои својата примена ја наоѓаат исклучиво во постапката која се води спрема малолетниците. Според Шкулич [11] станува збор за следниве начела:

- **Начело на процесна протективност**

Начелото на процесна протективност во однос на малолетниците според кое се води постапката спрема малолетниците и претставува врховно начело од кое произлегуваат сите останати начела. Сите начела се поврзани со ова начело преку функционални врски, бидејќи нивна основна функција е да ја подобрат процесната положба на малолетниците како и да овозможат остварување на целите на постапката спрема нив. Протективноста во однос на малолетните сторители на кривични дела се гледа во најразлични општествени сфери: Во мерките за социјална грижа и заштита психолошко педагошките мерки, мерките на кривичното процесно право, мерките на постпенална заштита, како и во областа на водење на одредени криминални политики.

[11] М. Шкулић, Поступак према малолетницима у Србији; у Улога јавног тужиоца у правном систему са посебним освртом на проблематику ефикасности кривичног поступка и малолетничку делинквенцију, Београд, 2010

- **Начело на функционално спојување на подготвителната постапка и фазата на судење**

Суштината на ова начело се гледа во тоа што функционалното спојување на подготвителната постапка и судењето претставува отстапување од општата кривична постапка.

- **Начело на терминолошки повластици за малолетниците**

Ова начело се согледува во насочувањето на законодавецот во најголема можна мера во постапката спрема малолетниците во одредбите да избегне користење на некои процесни термини кои се вообичаени во општата кривична постапка. Така за постапката спрема малолетници не се употребува терминот „кривична„ , а воедно се зборува за постапка спрема малолетници а не против малолетници. Освен тоа во законот не се употребува терминот обвинет за малолетникот спрема кој се води постапката, туку секогаш се говори исклучиво за малолетник без посебно терминолошко назначување дека тој се терети во постапката, освен што по правило се наведува дека спрема него се води постапка. [12]

- **Начело на итност на кривичната постапка спрема малолетници**

Суштината на ова начело е постапката спрема малолетниците да се спроведе брзо и ефикасно бидејќи малолетникот со тек на времето преога во друга старосна категорија. Органите кои учествуваат во постапката спрема малолетниците како и другите органи и установи од кои се бараат известувања и мислења, должни се да постапуваат најбрзо со цел постапката што побрзо да се заврши.

- **Начело на зголемена процесна дискреција**

Ова начело се состои во постоење стрикни законски правила со кои начелото на јавност се сведува на најмала можна мера а се со цел да се заштитат интересите на малолетникот, по ефикасно да се води постапката како и да се спречи стигматизација на малолетните лица.

[12] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015

- **Начело на специјализираност на службениците вклучени во постапката спрема малолетници**

Ова начело значи дека судиите за малолетници и судиите во советот за малолетници мора да бидат лица кои стекнале посебни знаења од областа на правото на детето и малолетничкото престапништво. Ова важи и за јавниот обвинител за малолетници, инспекторите за малолетници како и за бранителот за малолетници. Исто така судиите поротници се бираат од редот на наставници, учители воспитувачи како и други стручни лица кои имаат искуство во работата со деца и млади.

3. Модели на кривична постапка спрема малолетници

Историски и правно гледано постапката спрема малолетници има сосема различна природа од редовната кривична постапка, затоа што се води спрема малолетни сторители на кривични дела. Двете постапки се разликуваат по органот на кој му е доверена водењето на постапката, целта која се настојува да се постигне, форматот на работа и принципите на уредување на постапката. Со оглед на таквата природа и нејзините чинители, под влијание на различни фактори настанале различни модели на државна реакција на криминалното однесување на малолетниците. Во однос на тоа се појавиле неколку основни модели на малолетничко правосудство.[13]

- Институционално организициони облици. Нивна основна карактеристика е постоење судови за малолетници во кои малолетниците кои извршиле кривични дела се означени како деликвенти а не како криминалци, а примарна цела на малолетничкиот правосуден систем е рехабилитација и заштитен надзор на младите а не изрекување на казни.

  Во рамки на овој модел во споредбено правната пракса се разликуваат три под модели за организација на судот на малолетници и тоа: посебни судови за малолетници, судови за малолетници како посебни оделенија во семејните судови и судови за малолетници во вид на посебни совети во судовите од општа надлежност кои се карактеристечни за европските земји.

[13] С. Кнежевиќ, Малолетничко кривично право – материјално, процесно и извршно, Ниш, 2010

Потребно е да се истакне дека постојат земји во кои не постојат посебни судови за малолетници туку сите судења како на полнолетните лица така и на малолетниците се во надлежност на редовните судови во општата форма на кривичната постапка.

Бидејќи ниеден од овие облици во пракса не се јавува во чист облик може да се каже дека постојат три модели на институционална организација на судењето на малолетниците: Модел на судови за малолетници, модел на административни органи и мешовит модел.

- Модели на кривична процедура. Спрецифично за овие модели е тоа што за разлика од општата форма на кривичната постапка која се води спрема полнолетните сторители на кривични дела, современите кривични постапки спрема малолетниците се прилагодени на нивната возраст и криминално политичките цели кои се настојува да се постигнат. Врз основ на заедничките важни карактеристики сите тие постапки можат да се разделат во три модели протективен правосуден и корпоративен модел .

  Кај протективниот модел се става акцент на личноста на малолетникот додека кривичното дело е исклучиво повод за покренување на кривичната постапка. Примарна цел е заштита на личноста на малолетникот, неговата ресоцијализација и превоспитувањето. Согласно таа цел тежиштето на постапката се пренесува од кривичното дело на сторителот.

  Постапката е фокусирана на индивидуализација на правдата, примена на достигнувањата на хуманистичките и медицинските науки заради утврдување на факти за личноста на малолетникот, неговите семејни прилики и социјалната средина во која живее, па одовде прашањето за вината останува во втор план. Таквиот концепциски пристап бара специјализација на судиите и другите учесници во постапката за малолетници.

  Спротивно на него правосудниот модел на постапка тежнее кон тоа да не се разликува многу од класичната судска постапка која се води за полнолетни сторители.

  Во правосудниот модел се инсистира на слободата на волјата на малотникот па со самото тоа и на одговорноста на малолетникот за неговото деликвентно однесување.

Не одредеността на кривичните санкции карактеристична за протективниот модел се отфрла, лишувањето од слобода е со однапред ограничено траење и се настојува да биде што пократко а воедно се смета дека е потребно да се обештети жртвата на кривичното дело како и општеството во кое малолетникот живее.

Кога станува збор за корпоративен модел карактеристично е широката примена на административната постапка во однос на судската, одвракање од тоа постапката да се одвива пред класичните кривични судови, примена

на алтернативни програми за превенција и сузбивање на малолетничката деликвенција, заедничко делување на разни државни и општествени служби, системацко одвракање на малолетниците од понатамошно деликвентно однесување со цел ефикасна социјализација на малолетниците.

- Кривично процесна форма на постапката спрема малолетници. Целокупната структура на постапката спрема малолетници е условена од својствата на субјектот против кој се води истата и има етапи кои се аналогни на етапите од општата форма на кривична постапка но се значајно модифицирани.

  Во постапката спрема малолетници суштинските промени се однесуваат на принципите на процесните работи, процесните субјекти и условите за покренување и водење на постапката со цел настанување на потполно различен тип на процес.

  Со оглед дека во правните системи по правило не постои само еден чист систем туку содржат некои решенија кои се карактертистични за други модели, може да се каже дека нашиот систем се приближува до правосудниот систем и содржи елементи на протективниот модел. [14]

4. Субјекти на кривичната постапка за малолетници

4.1 Суд за малолетници

Како што споменав и погоре во мојот труд, судот за малолетници не е никаков посебен суд во организациона смисла, туку со овој теориски термин се означува редовен суд кој расветлува и решава кривични предмети во кој како сторител се јавува малолетник. Понатаму тој претставува посебен состав на судот во рамки на судовите од општа надлежност. Во Република С. Македонија нема посебни судови за деца, а

[14] С. Бркић, Кривично процесно право – Посебни део, Нови Сад, 2013

стварно надлежни за постапување за кривични дела сторени од малолетници се основните судови со проширена надлежност. Во рамките на Основните судови со проширена надлежност се формираат специјализирани судски оддели кои ги сочинуваат судија за деца, совет за деца и советници за деца.[15]

Постапката спрема малолетници се води пред судија за малолетници и совет за малолетници. Судијата за малолетници спороведува подготвителна постапка и врши други работи во постапката спрема малоленици, претседава со советот за првостепената главна постапка. Советот за малолетници е од мешовит состав и се состои од судија за малолетници и двајца судии поротници. [16]

По правило тие се од различен пол при што судиите поротници според одредбите на законот се бираат од редот на наставници, воспитувачи, учители и други стручни лица кои имаат искуство во работа со деца и млади.

Судиите за малолетници и судиите во советот за малолетници мора да бидат лица кои се стекнале со посебни знаења од областа на правата на детето и малолетничката деликвенција, што говори во прилог на тоа дека се тежнее кон извесна специјализација на судот. [17]

Второстепената постапка спрема малолетниците се води исклучиво пред совет на непосредно повисок суд односно апелационен суд, и советот е составен од тројца судии (судија за деца и двајца судии) и истиот одлучува за жалбите против одлуките на советот за малолетници на основниот суд . Судиите за малолетници ги одредува претседателот на судот под услови кои ги пропишува законот за малолетничка правда.

Во Врховен суд на Р.С. Македонија се формира Совет за деца кој е составен од вкупно 5 судии и овој совет решава по редовни и вонредни правни лекови и ја следи работата и работи на унапредување на судската пракса во оваа област во државата.

[15] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015

[16] Чл.95 од ЗПД

[17] С. Кнежевић, Малолетничко кривично право – материјално, процесно и извршно, Ниш, 2010

Надлежност на судот за малолетници

За постапката спрема малолетници по правило е месно надлежен судот на неговото престојувалиште односно место на живеење. Но само ако престојувалиштето на малолетникот е непознато или го нема, со тоа што се остава можност постапката да се спроведе пред надлежен суд спрема местото на живеење.[18] Односно пред суд на местото на извршување на кривичното дело или пред суд на чие подрачје се наога завод или установа за извршување на кривични санкции во која се наога малолетникот доколку е очигледно дека пред тој суд полесно ке се спроведе постапката спрема малолетникот.

Еднаш заснованата месна надлежност не се менува. На малолетникот му се суди во местото на живеење бидејки се тргнува од фактот дека местото во кое живее има најдобри услови за утврдување на околностите од кои зависи изборот на воспитни мерки и постојат најдобри услови за нивно извршување. Кај функционалната надлежност е направено големо отстапување односно предвидено е во постапката спрема малолетници секогаш да суди совет.

Судењето кај судија поединец е исклучено што се чини оправдано со оглед на тоа дека судењето на малолетникот не се сведува само на утврдување на кривичната одговорност и примена на кривичните санкции, туку е насочено кон неговиот понатамошен развој за што се неопходни разновидни а не само правни знаења кои не би можеле да се очекуваат од судијата поединец. [19]

Уште едно значајно одстапување од редовната кривична постапка, е и тоа што за претседател на советот за малолетници се бира судијата кој ја водел подготвителната постапка што се разликува од правилата на општата постапка според кои на главниот претрес неможе да суди судија кој ја водел истрагата.[20]

[18] Бужаровска, Лажетиќ, Гордана; Нанев, Лазар;Кошевалиска, Олга, „Кривично постапување спрема децата во ризик и во судир со законот“, Скопје:Правен Факултет Јустинијан Први, 2015

[19] Т. Васиљевић, М. Грубач, Коментар Законика о кривичном поступку, Београд, 2003, стр. 608., наведено према: С. Бејатовић

[20] Бужаровска, Лажетиќ, Гордана; Нанев, Лазар;Кошевалиска, Олга, „Кривично постапување спрема децата во ризик и во судир со законот“, Скопје:Правен Факултет Јустинијан Први, 2015

4.2 Јавен обвинител за малолетници

Единствен обвинител во постапката спрема малолетници е јавниот обвинител за малолетници кој покренува постапка за кривични дела за кои се гони по службена должност, по предлог на оштетениот или по приватна тужба што практично значи за сите кривични дела.

Одовде произлегува дека оштетениот како тужител или супсидијарен тужител односно приватен тужител не се појавуваат во постапката спрема малолетници. Меѓутоа за кривични дела за кои се гони по предлог на оштетениот или по приватна тужба постапката може да се покрене само ако оштетениот потпише предлог за покренување на постапка до јавниот обвинител за малолетници, во рок од три месеци од моментот на дознавање за извршено кривично дело и сторител.

Доколку јавниот обвинител не покрене барање за покренување постапка спрема малолетникот по повод овој предлог должен е за тоа да го извести оштетениот во рок од 8 дена, кој притоа неможе да го превземе кривичното гонење во својство на супсидијарен тужител односно да поднесе приватна тужба. [21]

Мегутоа оштетениот може во рок од 8 дена од приемот од известувањето на јавниот обвинител односно три месеци од денот на отфрлање на кривичната пријава ако за тоа не бил известен, да побара од советот за малолетници од непосредниот повисок суд да одлучи за покренување на постапка.

Овој совет потоа врши контрола дали постапката на јавниот обвинител е во согласност со начелото на легалитет кое го обврзува да покрене кривична постапка и спрема малолетникот кога постојат докази дека извршил кривично дело, и може да одлучи да не се покрене или да се покрене постапка спрема малолетникот.

4.2.1 Начело на опортунитет во постапката спрема малолетници

Начелото на официјалност во кривичното гонење како начело на општата кривична постапка, во постапката спрема малолетниците има и свој антипод и тоа во вид на начело на опортунитет во кривичното гонење.

[21] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015

Примената на начелото на опортунитет во секој случај не е нешто што е неограничено и оставено во потполност на волјата на јавниот обвинител за малолетници, туку е ограничено на точно одредени ситуации.

- **Класичен опортунитет**

Постои можност јавниот обвинител кога се во прашање кривични дела за кои е пропишана казна затвор до три години или парична казна, да не бара покренување на кривична постапка иако постои основано сомневање дека малолетникот сторил кривично дело, доколку смета дека не би било целисходно да се води постапка спрема него.

Околностите кои јавниот обвинител за малолетници ги зема во предвид при одлучување за покренување на кривична постапка спрема малолетникот се природата на кривичното дело, околностите под кој делото е сторено, поранешниот живот на малолетникот и неговите лични својства, а за да се утврдат овие околности овластен е да побара од родителите, посвоителот, старателот или од други лица или установи кога е неопходно да ги повика овие лица и малолетникот во обвинителството заради непосреден разговор.

Исто така може да побара мислење од ЦСР за целисходноста на покренувањето постапка спрема малолетникот или собирањето на тие податоци да го довери на стручни лица како социјален работник, психолог, педагог или специјален педагог.

Доколку за донесување одлука за покренување постапка спрема малолетникот е потребно да се испитаат личните својства на малолетникот, можно е истиот да се упати во прифатилиште за деца и млади или во воспитна установа каде може да остане најдолго еден месец и тоа со спогодба со јавниот обвинител за малолетници и органот за старателство.

Следна ситуација во која јавниот обвинител за малолетници може да се води според начелото на опортунитет е кога малолетникот ке стори друго кривично дело во тек на извршување на казна или воспитни мерки, па така може да одлучи да не бара покренување на кривична постапка за тоа кривично дело ако со обзир на тежината на

делото како и на казната односно воспитната мерка која веке се извршува не би имало цел водење нова постапка и изрекување кривична санкција за тоа друго дело.

Некои автори ова го означуваат како класичен опортунитет кој е заснован само на оцена на целисходноста на кривичното гонење.

- **Условен опортунитет и воспитни мерки**

Покрај класичниот постои и т.н условен опортунитет, кој во правно техничка смисла е сличен на одлагањето на кривичното гонење во општата кривична постапка и се состои од тоа дека јавниот обвинител за малолетници има овластување условно да го одложи кривичното гонење и да побара од малолетникот извршување на некои воспитни мерки, под услов да се работи за кривично дело за кое е придвидена казна затвор во траење до пет години или парична казна.

Притоа својата одлука јавниот обвинител за малолетници може да ја услови со согласност на малолетникот и неговите родители како и спремност на малолетникот да прифати и исполни една или повеке воспитни мерки.[22] Станува збор за следните мерки:

- Порамнување со оштетениот со цел да се надокнади штетата, извинување, работа или некој друг начин за да се отстранат делумно или во целина штетените последици од извршеното дело.
- Редовно посетување училиште или редовно одење на работа.
- Вклучување без надокнада во работата на хуманитарни организации или работи од социјален локален или еколошки сектор.
- Подлегнување на соодветни испитувања и одвикнување од зависности предизвикани од употреба на алкохолни пијалоци или опојни дроги.
- Вклучување во поединечен или групен третман во соодветна здравствена установа или советувалиште.

[22] В. Ђурђић, Кривично процесно право – Посебни део, op. cit

4.3 Бранител

Според Уставот на нашата држава секое лице има право на бранител, односно секое лице кое е осомничено или обвинето за некое кривично дело има право на бранител и за тоа мора да се поучи пред првото испитување. [23]

Во кривичната постапка спрема малолетници како бранител може да биде само адвокат кој мора да следи барем пет дена во годината специјализирана обука за правата на децата во нашата држава или во странство. Доколку малолетникот или неговиот законски застапник не ангажираат адвокат , тогаш надлежниот орган односно Центарот за социјална работа, судот или јавниот обвинител ќе одредат адвокат по службена должност од листата на Адвокатската комора на нашата држава. Во судската постапка односно во сите фази е задолжителна одбраната на детето и тоа може да биде испитувано само во присуство на бранител.[24]

5. Улога на Центарот за социјална работа во постапката спрема малолетници

Една од посебните карактеристики на кривичната постапка спрема малолетници е учеството на центарот за социјална работа. Покрај овластувањата кои се предвидени, најзначајното овластување на центарот за социјална работа е неговото право да иницира покренување на кривична постапка преку советот за малолетници, но и право да се запознае со текот на постапката, во текот на истата да доставува предлози и да укажува на факти и докази кои се од важност за донесување на правилна одлука.

За да може центарот за социјални работи да биде во можност да се користи со свои овластувања неопходно е најпрвин да дознае за покренување на постапката спрема малолетникот, поради што со законот е пропишана обврска на јавниот обвинител за малолетници за секое покренување на постапка да го извести надлежниот ЦСР.

Доколку јавниот обвинител пропушти да го направи тоа, тогаш оваа обврска преминува на судијата за малолетници. Тој освен известувањето за покренување на постапка спрема малолетникот до центарот за социјални работи доставува и барање од истиот да достави до судот мислење за личноста на малолетникот и важните околности

[23] Чл.12 од Устав на РМ

[24] Бужаровска, Лажетиќ, Гордана; Нанев, Лазар;Кошевалиска, Олга, „Кривично постапување спрема децата во ризик и во судир со законот“, Скопје:Правен Факултет Јустинијан Први, 2015

од неговото опкружување, како и копија од барањето на јавниот обвинител за малолетници за покренување подготвителна постапка спрема малолетникот.

Може да се каже дека центарот за социјални работи во постапката спрема малолетници има улога од советодавна природа во однос на начинот на решавање на предметот на постапката, а со самото тоа што учествува во постапката му се овозможува да се запознае со личноста на малолетникот и условите во кои живее, па според тоа да може да преземе мерки од сферата на социјалната заштита.[25]

Центарот за социјални работи во постапката спрема малолетници нема карактер на странка односно не е во функција ниту како обвинител ниту како одбрана, ниту пак непосредно учествува во донесување на одлуките на судот. Без оглед на тоа ЦСР неможе да се одрече од важната улога која ја има во постапката спрема малолетници ако ја согледа во неговите ни малку занемарливи овластувања од процесен карактер.

Исто така значајна е улогата на Центарот за социјални работи кај извршување на воспитни мерки кои немаат заводски карактер (судски укор, посебни обврски, засилен надзор од страна на родител,посвоител или старател, засилен надзор во друго семејство, засилен надзор од страна на ЦСР, засилен надзор со дневен престој во соодветна установа за воспитување и образование на малолетници). Центарот за социјални работи е должен на секои 6 месеци да му доставува на судот и јавниот обвинител за малолетници извештај за текот на извршување на останатите воспитни мерки.

Исто така тој може да предложи на судот донесување одлука за престанок на извршувањето, како и замена на воспитните мерки односно за условен отпуст.

Тој е должен кај сите посебни обврски како мерките на засилен надзор и упатување да ги надгледува нивните извршувања и најмалку еднаш месечно да го известува судијата за малолетници за тоа. Центарот за социјални работи има многу важна улога во постапката спрема малолетници, судот и јавниот обвинител неможе да се донесуваат одлуки без претходна консултација со центарот за социјална работа.

[25] М. Шкулиќ, op. cit

6. Кривична постапка спрема малолетници

Структурата на кривичната постапка како што веќе истакнато до сега е многу специфична. Постапката е така уредена што истата има три стадиуми и тоа:

- **подготвителна постапка**- која секогаш е задолжителна и потсеќа на истрага во општата кривична постапка но истата истовремено значително се разликува.
- вториот стадиум е **постапка пред совет за малолетници**- која одговара на главната постапка во општата кривична постапка, и
- третиот стадиум е **постапка по правни лекови**.

6.1 Поведување постапка спрема малолетници

До поведување на постапка спрема малолетници може да дојде на еден од следните начини:

- На барање на јавниот обвинител за малолетници.
- Врз основ на одлука на совет за малолетници.

Во поглед на првиот случај важи се што е до сега кажано во делот за одредбите кои се однесуваат на јавниот обвинител за малолетници.

Што се однесува на поведување на постапка за малолетници со одлука на совет за малолетници треба да се истакне дека во тој случај треба да се исполнат соодветни услови, односно јавниот обвинител за малолетници да смета дека нема место за кривично гонење или да најде дека покренувањето на постапка не е целисходно па од таа причина нема да побара покренување на постапка.

Другиот услов кој е неопходен за да може да дојде до одлучување на совет за малолетници за поведување на постапка е центарот за социјални работи или оштетениот да достави барање. Во врска со овој услов има и трет услов кој се однесува на тоа ова барање да се поднесе во соодветен рок од 8 дена ако оштетениот бил известен за отфрлање на кривичната пријава или предлогот односно три месеци ако немало такво известување. Советот за малолетници може да одлучи постапката да се поведе или да не се поведе во врска со што се донесува решение по кое не е дозволена жалба.

Кога советот ке донесе решение за поведување на подготвителна постапка спрема малолетникот, јавниот обвинител е обврзан да учествува во таа постапка како овластен тужител.

6.2 Подготвителна постапка спрема малолетници

Подготвителната постапка е првиот и задолжителен стадиум на постапката спрема малолетници. Надлежен за спроведување на подготвителната постапка е судија за малолетници кој сам одредува на каков начин ке ги изведе поединечните дејствија. Целта на подготвителната постапка не е само утврдување на фактите кои се однесуваат на извршеното кривично дело туку и утврдување на фактите кои се однесуваат на личноста на малолетникот.

Притоа се утврдува возраста на малолетникот, фактите потребни за утврдување на неговата зрелост (интелигенција, волја, склоности и физичко здравје), се испитува средината и условите под кои малолетникот живее односно однесување и успех во училиштето ,поранешниот живот, осудуваност како и други околности кои се однесуваат на неговата личност и однесување.[26]

За значењето на утврдувањето на овие факти говори и одредбата која предвидува дека никој не може да биде ослободен од должноста да сведочи за околностите потребни за оценување на зрелоста на малолетникот, запознавање на неговата личност и условите во кои живее. Во таа смисла се сослушуваат родителите на малолетникот, посвоителот, центарот за социјални работи како и други лица кои можат да ги дадат потребните податоци.

Исто така во врска со овие факти и околности задолжително се прибавува и мислење од центарот за социјални работи, а ако спрема малолетникот била изречена заводска мерка ке се прибави извештај од заводот или установата за примената на таа мерка.

Кога е потребно малолетникот да го прегледаат вештаци заради утврдување на неговата здравствена состојба, степенот на зрелост и други лични својства, за овој

[26] Камбовски . В Велкова .Т.: Малолетничка правда , документи на Обиденетите нации , закон за малолетничка правда со коментари 2 август Штип 2008

преглед ке се одредат лекари, психолози или педагози. Ваквите испитувања над малолетникот можат да се извршат во здравствена или друга установа.

При сослушување на малолетникот во текот на подготвителната постапка задолжително е присуство на јавен обвинител и бранител за малолетници, родител односно старател на малолетникот, а кога е тоа потребно сослушувањето може да се изврши со помош на психолог, педагог или друго стручно лице додека останатите работи се изведуваат со присуство по потреба на овие лица.

Судијата за малолетници може да одреди во постапката да присуствува и представник на центарот за социјални работи и тогаш тој може да предлага и упатува прашања на лицата кои се сослушуваат. Откако ке ги испита сите околности што се однесуваат на извршувањето на кривичното дело, зрелоста и другите околности во врска со личноста на малолетникот и условите во кои живее, судијата за малолетници ги доставува списите на надлежниот јавен обвинител за малолетници.

Истиот во рок од 8 дена може да постапи на некој од следните алтернативни начини:

- Да побара подготвителната постапка да се дополни при што судијата за малолетници не може да се противи.
- Да поднесе образложен предлог до советот за малолетници за да се изрече кривична санкција на малолетникот и тоа кога смета дека нема простор да се сопре постапката а нема да побара дополнување на истата. Против ова обвинетиот малолетник и неговиот бранител немаат право на приговор ниту можат да се повикаат на друго правно средство.
- Да предложи на судијата на малолетници постапката да ја откаже откако по завршување на подготвителната постапка ке прецени дека нема основ за водење постапка спрема малолетникот или кога смета дека за тоа постојат други причини за што е должен да го извести и органот за старателство. Доколку органот на старателство не се согласи со предлогот на јавниот обвинител, за тоа мора да го извести судијата за малолетници во рок од 8 дена од денот на прием на известувањето.

  Ако пак судијата за малолетници не се согласи со предлогот на јавниот обвинител на малолетници има обврска во рок од три дена да побара од советот за

малолетници од повисокиот суд да одлучи за тоа. Исто така кога органот за старателство нема да се согласи со предлогот на јавниот обвинител за малолетници да се сопре постапката должен е да го направи истото.

Советот за малолетници од повисокиот суд донесува одлука после сослушување на надлежниот јавен обвинител за малолетници па доколку советот не го усвои овој предлог и не ја откаже постапката, јавниот обвинител за малолетници мора да учествува во таа постапка и тогаш ги има сите права кои му припагаат по закон како на овластен тужител. И во оваа фаза на постапката постои можност за примена на начелото на опортунитет на кривично гонење во вид на условно откажување на постапката која е уредена аналогно со условно одлагање на кривичното гонење спрема малолетникот, со разлика во тоа што во овој случај кривичната постапка спрема малолетникот веке е покрената а покасно дополнително се откажува од кривично гонење под услов малолетникот да исполни одредени обврски.

До откажување на кривичната постапка спрема малолетникот под услов истиот да исполни одреден воспитен налог, секогаш доага по одлука на судот и тоа:

Со одлука на судија за малолетници и со одлука на совет за малолетници, кога постои несогласување помегу судијата за малолетници односно центарот за социјални работи и јавниот обвинител за малолетници.

6.2.1 Мерка за привремено сместување на малолетникот

За време на траењето на подготвителната постапка судијата за малолетници има овластување спрема малолетникот да примени и одредени заштитни мерки како и мерки за обезбедување на присуството на малолетникот во постапката.

Ако при спроведувањето на подготвителната постапка судијата за малолетници оцени дека малолетникот е загрозен во средината и условите во кои живее може да нареди негово сместување во прифатилиште, воспитна или слична установа, ставање под надзор на ЦСР или малолетникот може да се предаде во друго семејство а се со цел негово издвојување од средината во која живее за да може да му се пружи помош заштита или сместување, или да му се врши надзор.

Иако е од протективен карактер оваа мерка може да се јави и како супститут во однос на притворот. Оваа мерка за привремено сместување се изрекува со решение

против која жалбата е дозволена но истата не го одлага извршувањето на решението.

Овластени да поднесат таква жалба се родител, посвоител, старател, бранител и јавен обвинител за малолетници и тоа во рок од 24 часа. Трошоците за сместување влегуваат во трошоците за кривичната постапка и се исплаќаат од буџетски средства.[27]

6.2.2 Притвор спрема малолетници

Што се однесува до притворот, истиот во постапката за малолетници има карактер на исклучок. Само во исклучителни ситуации судијата за малолетници може да одреди притвор на малолетникот по предлог на јавниот обвинител, и тоа кога за тоа постои некој од законските причини и ако целта на притворот е неможност да се остварат мерките за привремен престој на малолетникот. Врз основ на решение на судија за малолетници, притворот може да трае најмногу еден месец после што советот на малолетници може да го продолжи за уште два месеци доколку постојат оправдани причини за тоа.

После завршување на подготвителната постапка а од поднесување на предлогот за изрекување кривични санкции притворот спрема постарите малолетници може да трае најмногу до 6 месеци а спрема помладите малолетници до 4 месеци.

Земајки го тоа во предвид, притворот спрема постарите малолетници во крајна линија може да трае најмногу 15 месеци додека горната граница за траење на притворот спрема помладите малолетници изнесува 13 месеци. Жалбата на решението за одредување односно за продолжување на притворот е допуштена но не го одлага извршувањето на решението.

Кога е во прашање изрекувањето на оваа најтешка мерка за обезбедување на присуство на малолетникот, по правило малолетниците одвоено го издржуваат притворот, во одредени исклучоци судијата за малолетници може да одреди малолетникот да го издржува притворот заедно со полнолетни лица, под услов доколку малолетникот подолго време да биде осамен во притвор и доколку

[27] Чл.115 ст.3 од ЗПД

постојат услови малолетникот да се става во просторија со полнолетни лица кои не би влијаеле штетно на него.

6.3 Постапка пред совет за малолетници

Како што е порано истакнато постапката пред совет за малолетници може да се одвива на два начини :

- На седница на советот на малолетници.
- На главниот претрес.

На кој начин ке се одвива постапката пред советот за малолетници одлучува судијата за малолетници, што претходно зависи од процесните ситуации, од процена на состојбата на околностите и можните одлуки на судот во однос на кривичните околности, бидејки казната малолетнички затвор и мерките под заводски карактер можат да се изречат само врз основ на одржан главен претрес.

Судијата за малолетници или советот ке закажат главен претрес ако сметаат дека доказниот материјал не е доволен или кога сакаат расправа на главен претрес доколку доказната состојба изложена во предлогот на обвинителот која малолетникот ја оспорува или е контрадикторна. Во секој случај судијата за малолетници е должен да закаже седница на советот или главен претрес во рок од 8 дена од приемот на образложен предлог на јавниот обвинител за малолетници.

6.3.1 Седница на советот

Доколку на малолетникот му се суди на седница на советот на малолетници на рочиште се повикува малолетникот, неговите родители, посвоител или старател, јавниот обвинител за малолетници бранител и претставник на центарот за социјални работи.

Присуството на последните три процесни субјекти е задолжително па доколку некој од нив неоправдано изостане претседателот на судот за тоа го известува непосредно повисокиот јавен обвинител односно надлежната Адвокатска комора. Во текот на седницата советот може да одлучи да се одржи главен претрес кога за тоа постои потреба или тоа е задолжително.

Седницата на советот се завршува кога кривичниот предмет во доволна мера ке се разгледа после што се повлекува на седница од која е исклучена јавноста заради донесување одлука за кривичниот предмет. Детето не мора да присуствува на седницата а судијата за деца треба да му ја соопшти одлуката односно санкцијата на детето што е изречена на седница на совет, на кој можат да се изречат само воспитни и мерки на засилен надзор.

6. 3.1.1 Главен претрес

Главниот претрес пред советот за малолетници се карактеризира како соодветна примена на општите правила во главниот претрес како и постоење на неколку посебни одредби за овој претрес. Што се однесува на примената на општите правила треба да се истакне дека во случај кога советот за малолетници одлучува во главниот претерес, се применуваат одредбите од ЗКП за подготвување на главниот претерес, раководење на главниот претрес, одлагање и прекинување на главниот претрес како и за записникот и текот на главниот претрес.

Посебните одредби се однесуваат на кругот на лица кои се повикуваат на главен претрес, јавноста на главниот претрес, одлагање и прекинување на главниот претрес и измена и дополнување на обвинението. Главниот претрес со наредба го закажува судија за малолетници а на истиот ги повикува следните субјекти: јавниот обвинител за малолетници, малолетникот со бранител, оштетениот со законски застапник односно полномошник, сведоци , вештаци, преведувач, родителите на малолетникот односно старателот како и претставник на центарот за социјални работи.

До завршувањето на главниот претрес јавниот обвинител за малолетници може да го измени или да го прошири својот предлог и тоа според одредбите од ЗКП, но и советот за малолетници е овластен да го направи истото врз основа на фактичката состојба која е утврдена на главниот претерес, при што не е неопходна иницијатива на јавниот обвинител во вид на предлог за донесување на таква одлука.

Што се однесува до јавноста правило е во постапката со малолетници таа да биде исклучена, а по исклучок може да се дозволи ограничена јавност и тоа лица кои се

занимаваат со заштита и воспитување на малолетници или со сузбивање на малолетничко престапништво. [28]

Одлагање и прекинување на главниот претрес исто така се можни но само по исклучок.

6.3.1.2 Одлуки на советот за малолетници

Како што и порано истакнавме седницата на советот за малолетници секогаш се завршува со решение додека главниот претрес во постапката за малолетници може да се заврши како со решение така и со донесување на пресуда. Во секој случај при одлучување за видот на кривичната санкција, судот не е врзан со предлогот на обвинителот па така наместо предложен малолетнички затвор може да предложи воспитна мерка и обратно, а може да одлучи и да се запре постапката. Во постапката спрема малолетници не може да се донесе пресуда со која се одбива обвинението, туку судот кога ке утврди дека постојат некои од законските основи за донесување на ваква пресуда донесува решение за запирање на постапката.

За одбивање на обвинението, на судот не му стојат на располагање целокупниот законски спектар на основи, туку му остануваат две причини: заради откажување на обвинението на главниот претрес или затоа што оштетениот се откажал од предлогот за гонење што е во склад со специфичноста на постапката спрема малолетници.

Исто така во постапката спрема малолетници не се донесува ослободителна пресуда, што произлегува од фактот дека малолетникот при изрекување на воспитни мерки не се прогласува за виновен. Наместо тоа судот донесува решение со кое се запира постапката.

Пресудите и решенијата ги изработува претседателот на советот односно судијата за малолетници во најбрз можен рок не подолг од 15 а за покомплицираните случаи до 30 дена од објавување на одлуката.

[28] Чл.91 од ЗПД

6.4 Пресуда во постапката спрема малолетници

Пресудата се донесува единствено кога на малолетникот му се изрекува казна малолетнички затвор што е можно само доколку е одржан главен претрес. Инаку казната малолетнички затвор можно е да се изрече само во исклучоци и тоа под следните услови;

- Лицето во време на извршување на крвичното дело да било постар малолетник или помладо полнолетно лице.
- Да е извршено кривично дело за кое е предвидена казна затвор над пет години.
- Судот да одлучил дека во конкретниот случај не би било оправдано да се изрече воспитна мерка заради високиот степен на вина, природата или тежината на делото.

Со закон е предвидено малолетнички затвор да се изрекува со пресуда која има форма пропишана за пресуда со која обвинетиот се прогласува за виновен, што воедно е единствен случај кога во постапката спрема малолетници се изрекува пресуда. Мегутоа ако на еден главен претрес на малолетникот му биде изречена казна, а на друг главен претрес воспитна мерка единствената одлука ке има облик на пресуда за едното дело а форма на решение за другото дело. Мора да се спомене дека со казната малолетнички затвор неможат да се комулираат воспитните мерки.[29]

Малолетничкиот затвор неможе да трае пократко од 6 месеци ниту подолго од 5 години. Мегутоа за кривично дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку 20 години или потешка казна или сторил во стек најмалку две кривични дела за кои е пропишана казна затвор потешка од 10 години, малолетничкиот затвор може да се изрече во траење до 10 години.[30]

Кога ке ја изрече казната советот за малолетници може да го осуди малолетникот на плакање на трошоците за кривичната постапка и на исполнување на имотно правните барања.

[29] Камбовски . В Велкова .Т.: Малолетничка правда , документи на Обиденетите нации , закон за малолетничка правда со коментари 2 август Штип 2008

[30] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015

6.5 Решение за примена на воспитни мерки во постапката спрема малолетници

Следната одлука која може да се донесе во постапката спрема малолетници е решение за примена на воспитни мерки. Без оглед на тоа дали одлуката се донесува на седница на советот или врз основ на главен претрес, воспитните мерки секогаш се изрекуваат со решение. При изрекување на таквото решение се наведува која мерка се изрекува, но притоа малолетникот не се прогласува виновен за кривичното дело кое му се става на товар.

Во образложението на решението судот е должен да го наведе описот на делото и околностите кои ја оправдуваат примената на изречените воспитни мерки. Заради природата и целта на воспитните мерки, со решението не се одредува должината на нивното траење, со исклучок на мерката упатување во дисциплински центар за малолетници.

Трошоците на постапката кога на малолетникот му е изречена воспитна мерка паѓаат на товар на буџетот а оштетениот се упатува своето имотноправно барање да го оствари во парница или доколку малолетникот има приходи или имот, судот може да одреди да ги плати трошоците на постапката и да го исполни оштетно правното барање.

6.6 Решение за откажување на постапката спрема малолетнци

Решение за откажување на постапката може да се донесе во три случаи:

- Кога ке се утврди дека постојат законски основи за донесување на пресуда со која обвинението се одбива.
- Кога постојат услови за донесување на пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинението .
- Кога Советот ќе одлучи дека не е целисходно на малолетникот да му се изрече казна или воспитна мерка.

6.7 Правни лекови во постапката спрема малолетници

Кривичната постапка спрема малолетници има свои специфичности и на полето на правните лекови, кои првенствено се состојат во одредени одстапувања како кај

редовните правни лекови така и кај вонредните правни лекови. Редовни правни лекови се жалба на пресуда и жалба на решение , додека користењето на вонредни правни лекови е условено од видот на кривична санкција која му е изречена на малолетникот со правосилна одлука на судот на малолетници.

Против пресудата со која на малолетникот му е изречена казна малолетнички затвор, против решението со кое на малолетникот му е изречена воспитна мерка како и против решението за запирање на постапката заради постоење на некоја од причините заради кои во општата кривична постапка се донесува одлука за отфрлање или ослободителна пресуда, жалба можат да поднесат сите лица кои во општата кривична постапка имаат право на жалба против пресудата и тоа во рок од 8 дена од приемот на пресудата односно решението.

Исто така со оглед на тоа дека јавниот обвинител за малолетници е единствен овластен тужител во оваа постапка произлегува дека тој е истовремено единствениот овластен да поднесе жалба на штета на малолетникот.

Жалбата во постапката спрема малолетници има суспензивно дејство, го одлага извршувањето но од ова правило постои исклучок кога советот во согласност со родителите на малолетникот и по неговото сослушување ке одлучи дека со извршувањето ќе се започне пред неговата правосилност.

Во однос на жалбата повисокиот суд може да одлучува на седница на советот или на претрес. Притоа на седница на советот на второстепениот суд се повикува малолетникот само доколку претседателот на советот или самиот совет сметаат дека неговото присуство би било корисно. Одлуките на второстепениот суд исто така се донесуваат во форма на решенија или пресуди кои исто така се донесуваат само кога на малолетникот му се изрекува казна малолетнички затвор.

Второстепениот совет може да ја преиначи првостепената одлука со изрекување на потешка санкција спрема малолетникот, но само ако тоа е предложено во жалбата поднесена од страна на јавниот обвинител за малолетници бидејки единствено тој е овластен да поднесе жалба на штета на малолетникот.

Од ова произлегува дека и во постапката спрема малолетници постои институтот на забрана „Reformatio in peius“, но тој е значително поразлично уреден во однос на општата кривична постапка.

За да биде одржан главен претрес пред второстепениот совет не е неопходно во жалбата да се побие доказната состојба во првостепената одлука, туку неговото одржување зависи исклучиво од видот на кривична санкција која судот треба да му ја изрече на малолетникот како резултат на поднесената жалба. Во врска со ова советот на второстепениот суд може на малолетникот да му изрече казна малолетнички затвор или некоја заводска мерка ако со првостепената одлука не се изречени, но само после одржаниот главен претрес. Во останатите случаи кога претресот не е задолжителен казната малолетнички затвор во подолго траење или потешка заводска мерка од онаа која е изречена со правостепена одлука може да се изрече и на седница на второстепениот суд.

Во однос на вонредните правни лекови кога се работи за постапката спрема малолетници е проширениот основ за поднесување барање за заштита на законитоста, кое може да се поднесе во случај кога со судската одлука е повреден законот и кога спрема малолетникот е неправилно е изречена казна или воспитна мерка, а со правосилната одлука не е повреден законот. Разликата е во тоа што во општата кривична постапка барањето за заштитата на законитоста на правосилната одлука може да се побие само заради повреда на законот, додека спрема малолетниците може да се побие покрај тоа и заради не правилна одлука за кривична санкција кога нема повреда на законот.

Покрај ова одредбите за повторување на кривичната постапка завршена со правосилна пресуда соодветно се применуваат и во однос на повторување на постапката спрема малолетникот која е завршена со правосилна пресуда, што воедно е втора специфичност поврзана за вонредните правни лекови .

7. Положбата на малолетникот во кривичната постапка

Меѓународните документи инсистираат на тоа малолетникот да не може да биде само пасивен субјект на кого му се пружи заштита, туку мора да учествува во остварувањето и заштитата на своите права. Меѓутоа тешко е да се направи баланс помегу различните

цели кои треба да ги оствари кривичната постапка спрема малолетници. На малолетникот треба да му се пружи помош и подршка но истовремено треба да се изнајде како да се спречи и санкционира неговото против правно однесување. Токму заради овие причини дошло до модификација на правилата за водење на редовната кривична постапка.

Малолетниците не се појавуваат во кривичната постапка само во улога на извршители на кривични дела. Заради тоа потребно е да се разгледа и анализира нивната положба не само како извршители на кривични дела туку и како жртви и како сведоци. Овде мора да потенцираме дека во праксата многу се чести случаите кога малолетник се јавува како извршител на кривично дело, а со истото дело е погодено исто така малолетно лице, што на органите за малолетничко правосудство им поставува тешка задача а тоа е чиј најдобар интерес треба повеке да го штитат, и чиј интерес треба да добие предност, дали на малолетникот кој го сторил кривичното дело или на малолетникот кој е оштетен со истото.

Должноста за итно и внимателно постапување во постапката спрема малолетници важи за сите актери на кривичната постапка спрема малолетници, без оглед на тоа дали малолетникот се наога во улога во извршител на кривично дело во улога на сведок или пак е жртва. Итноста на постапката произлегува од криминално политичките цели на кривичната постапка спрема малолетниците. [31] Внимателноста во постапувањето спрема малололетникот се гледа во терминалошкото означување на процесните ситуации во кои се наога малолетникот, што ни укажува на неговата посебна положба во кривичната постапка.

Законот за правда на децата укажува на посебната положба на малолетникот во кривичната постапка и истата ја означува само како постапка а за разлика од кривичната постапка која се води против полнолетни лица, законот говори за постапка спрема малолетници.

Иницијалниот акт на јавниот обвинител во својот назив не го содржи префиксот „обвинителен“ туку се означува како „предлог за изрекување на кривична санкција“. Со одлука на судот односно решение за изрекување на воспитни мерки малолетникот

[31] С. Кнежевић, Малолетничко кривично право – материјално, процесно и извршно, Ниш, 2010

не се прогласува за виновен туку само се наведува која воспитна мерка се изрекува. При изготвување на решение за изрекување на воспитни мерки судот во образложението на решението го наведува и описот на извршеното кривично дело.[32]

7.1 Положба на малолетникот како оштетен (жртва) во кривичната постапка

Според нашиот кривичен законик, под жртва на кривично се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајки физичка физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело. Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до 18 години.[33]

Според ЗПД , дете жртва е дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, некоја физичка или ментална повреда или пак материјална загуба , како последица на некое сторено дејствие кое е предвидено како одредено КД. [34]

Според нашиот ЗКП чл. 21 ст. 4 жртва е лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со извршување на кривично дело. ЗКП не го познава само поимот „жртва„ туку и поимот оштетен . Оштетен, покрај жртвата е и друго лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривично дело и кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење или заради остварување на имотно правно барање. [35] Во својство на оштетен најчесто се појавува пасивен субјект на кривичното дело, но оштетен во постапката може да биде и член на семејството. [36]

Врз основа на изложеното можеме да заклучиме дека поимот „ оштетен „ е поширок од поимот „жртва„. Во кривичната постапка оштетениот има статус на споредeн процесен субјект на страната на обвинителот, но неговата процесно правна положба во

[32] Д. Јовашевић, Положај малолетника у кривичном праву, Ниш, 2010
[33] Чл. 122 ст.22 од КЗ на РСМ
[34] Чл. 19 од ЗПД
[35] Чл. 21 ст.5 од ЗКП
[36] И. Илић, Процесна заштита малолетних жртава злостављања и занемаривања; у: Зборник радова Правног факултета у Нишу, бр. 66/2014, Ниш

последните децении е променета во смисол на неговите права и обврски кои ги има во постапката.[37]

Со законот за правата на детето се регулира положбата и заштитата на малолетните лица кога тие се појавуваат како оштетени, односно како жртви на некое кривично дело. Иако законот не ги наведува таксативно правата на оштетениот во постапката, ЗКП тоа го регулира наведувајки дека оштетениот во кривичната постапка ги има следните права :

- Право да поднесе предлог и докази за остварување на имотно правно барање.
- Да укаже на фактите и да предлага докази кои се од важност за предметот на докажување.
- Да ангажира полномошник од редот на адвокати.
- Да ги разгледа списите и предметите кои служат како доказ.
- Да биде известен за исходот на постапката и да му се достави правосилна пресуда.
- Да презема други работи кога е тоа одредено со закон. Правото да ги разгледа списите и предметите на оштетениот може да му се скрати се додека не биде испитан како сведок.

Законот наведува дека советот со кој претседава судија кој стекнал посебни знаења од областа на правата на детето и кривично правната заштита на малолетните лица, суди на полнолетни сторители на кривични дела , ако со тие кривични дела е оштетено малолетно лице.

Станува збор за следните кривични дела : убиство, наведување на самоубиство, помагање во самоубиство , тешка телесна повреда, силување, обљуба врз немокно лице, обљуба врз дете, обљуба со злоупотреба на положбата, недозволени полови дејствија, прикажување порнографски материјал и искористување на деца за порнографија, одземање малолетно лице, промена на семејна состојба, запуштање и злоупотребување малолетно лице, семејно насилство , недавање издршка, родоскверначање, разбојничка кражба, изнуда, овозможување на уживање на опојни дроги, воени злосторства против цивилното население, трговија со луѓе со деца,

[37] Т. Лукић, С. Самарџић, op.cit. стр. 359.

заснова ропски однос и превоз на лица во ропски однос.[38] Во истрагата на овие кривични дела учествуваат специјализирани службеници на органите за внатрешни работи кои се стекнале со посебни знаења од областа на правото на детето и кривично правната заштита на малолетните лица.

Во текот на постапката, судиите од советот и јавниот обвинител морат да водат сметка за оштетеното малолетни лице а под тоа се подразбира во секој момент да имаат увид во неговата возраст, својства на личноста, образование , како и околностите во кои пораснал и во кои живее.

Овие учесници во постапката мора да настојуваат да ги избегнат можните штетни последици по личноста и развојот на малолетникот. Исклучувањето на јавноста е во функција на заштита на најдобриот интерес за малолетникот како и приватноста на малолетникот. Со цел да се заштити приватноста на малолетникот учесниците во постапката несмеат да објавуваат и да ги направат достапни информациите на малолетникот за трети лица .[39]

Сослушувањето на малолетните лица како оштетени во кривичната постапка се извршува во присуство на психолог, педагог или други стручни лица . Малолетникот кој е жртва на некој од горе наведените кривични дела може да биде сослушан најмногу два пати во текот на кривичната постапка.

Во исклучителни случаи сослушувањето на малолетникот може да се повтори повеке пати доколку се утврди дека сослушувањето е неопходно заради остварување на целта на кривичната постапка и расветлување на кривичното дело. Многукратното испитување на малолетникот може да предизвика сериозни психички последици и трауматизирање на малолетникот.

Покрај тоа под влијание на авторитетите и како резултат на страв, дадените искази покасно можат да бидат квалитативно различни, не ретко испреплетени со фантазијата на детето. Потребата за елеминирање на повеќекратното испитување особено е

[38] Тупанчески, Никола, „Кривичен законик-интегрален текст, предговор, кратки објаснувања и регистар на поими“, Скопје:СТОБИ ТРЕЈД, 2017

[39] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015

изразена кај децата жртви на сексуални деликти заради потребата да ја потиснат траумата од извршеното дело .

Сослушувањето на малолетните лица може да се изврши со примена на технички средства за пренос на слика и звук- видео камери, доколку судијата оцени дека тоа е потребно земајќи ги во предвид својствата на личноста на малолетникот и карактеристиките на извршеното кривично дело. Сослушувањето се спроведува без присуство на странки и други учесници во постапката и во тој случај е потребно присуство на психолог, педагог или друго стручно лице. Записникот за исказот од сослушувањето на малолетниот сведок се чита на главниот претрес односно се репрудицира снимката од сослушувањето.

Со цел заштита на малолетните лица кој се оштени со кривичното дело законот го забранува соочувањето на малолетното лице и обвинетиот доколку малолетното лице е тешко повредено од извршеното кривично дело. На овој начин се избегнува нанесување на нови трауми и душевно патење на малолетното лице и се спречува негова секундарна вектимизација.

Ваквото решение постои во повекето законодавства бидејќи на тој начин се штити интересот на детето, неговата личност и се спречува трауматизација на жртвата особено кога се работи за жртви на кривични дела со елементи на насилство. Меѓутоа со забраната за соочување се опфатени особено чуствителните малолетни сведоци независно од тоа дали се истовремено и оштетени.

Малолетното лице кое било очевидец на некое кривично дело може да биде во посебно чуствителна состојба после претрпениот стрес, без оглед дали со тоа кривично дело е повредено или загрозено некое негово добро. [40] Со оглед дека со одредбите на законот се однесуваат само на оштетените малолетници, нема основ за примена на овие одредби на малолетните сведоци кои не се оштетени со кривичното дело. Друг недостаток на одредбата за забрана за соочување е тоа што не опфака можност за соочување помегу оштетениот малолетник и останатите сведоци. Соочувањето на

[40] Бужаровска, Гордана, „Малолетничка правда- од ретрибутивност кон ресторативност“, Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 2006

малолетникот и другите сведоци може да остави исти последици како и соочувањето на малолетникот со обвинетиот односно извршителот .

Сметам дека во забраната за соочување можело да се отиде чекор подалеку така што би се исклучила и можноста за соочување на кој и да било оштетен малолетник со обвинетиот или сведоците.

Малолетното лице мора да има полномошник од првото сослушување на обвинетиот. Доколку нема полномошник претседателот на судот со решение ке му избере полномошник на малолетникот од редот на адвокати кои поседуваат посебни знаења од областа на правата на детето и кривично правната заштита на малолетните лица.

Доколку е потребно малолетникот да врши препознавање на обвинетиот, препознавањето мора да се врши на таков начин што на обвинетиот ке му биде оневозможено да го види малолетното лице. Малолетникот воопшто не мора да сведочи и тоа мора да му биде објаснето. Доколку неговата возраст и душевна развиеност се такви што малолетникот како жртва не е во состојба да свати дека немора да сведочи тогаш не смее да се испитува. Испитувањето може да се изврши доколку тоа изречито го бара обвинетиот, особено кога се во прашање случаи на семејно насилство. Законот за кривична постапка пропишува дека јавноста може да се исклучи кога како сведок се сослушува лице помладо од 14 години.[41] Малолетното лице кое присуствува на главниот претрес како сведок или оштетен ке се одалечи од главниот претрес кога неговото присуство повеке нема да биде потребно.

Одредбите за положбата на малолетниците жртви се содржани и во посебен протокол за постапување на правосудните органи во заштита на малолетните лица од злоставување и занемарување. Протоколот ја регулира и постапката на полициските органи и заштитата на малолетните лице. Посебно внимание е посветено на случаите кога до откривање на кривичното дело се доага на иницијатива на оштетениот малолетник.

Прибирањето податоци од малолетното лице мора да го извршат службени лице кои се стекнале со посебни знаења од областа на правото на детето и кривично правната заштита на малолетните лице. Задолжително е присуство на родител, посвоител или

[41] Чл.354 од ЗКП

старател а неопходно е и присуство на други стручни лица кои имаат искуство во работата со малолетници а кои не се вработени во полицијата и кои не се вмешани на некаков начин во критичниот настан. Доколку после извршеното испитување се заклучи дека постои основ на сомневање дека над малолетното лице е извршено кривично дело со елементи на злоставување и занемарување, ке се извести јавниот обвинител за малолетници на кого му се доставува кривичната пријава или известувањето чиј подносител е родителот , посвоителот или старателот на малолетното лице односно стручно лице од центарот за социјални работи. После тоа малолетното лице се упатува во здравствена установа каде е потребно да се констатира постоење на некакви повреди.

Овластените службени лица имаат обврска да ги информираат родителите, посвоителот или старателот за службите, институциите и центрите за социјална заштита и други установи кои пружаат помош на малолетни жртви на кривични дела а се со цел надминување на трауматичните искуства.

7.2 Положба на малолетникот како сведок во кривичната постапка

Сведочењето претставува општа должност на сите граѓани. Исказот на сведоците претставува доказно средство во кривичната постапка а како сведок може да се појави кое и да било лице без оглед на староста, психичките и физичките карактеристики, кое со своите сетила забележало некакви факти од значење за кривичната постапка или за нив посредно дознало и за кои пред органот на постапката ги изнесува своите запазувања.[42]

Основни должности на сведокот се :

- Да се јави на поканата на судот.
- Да положи заклетва и да ја исполни должноста да даде исказ кој мора да биде вистинит и целосен.

Малолетниците можат да се појават во кривичната постапка во својство на сведоци независно од возраста . Мегутоа не може да се сослуша како сведок малолетно лице кое со оглед на возраста и душевната развиеност не е способно да го сфати значењето

[42] Камбовски . В Казнено право посебен дел 2003 Просветно дело Скопје

на правото да не мора да сведочи односно дека е ослободено од должноста за сведочење освен ако тоа го бара обвинетиот.

Досегашните искуства во повеке земји покажале дека испитувањето на малолетните сведоци се разликува од испитувањето на полнолетните лица. Ова ја условило потребата за востановување на посебни правила како и за учество на стручни лица кои имаат искуство во работата со деца и млади кои на малолетните сведоци им помагаат да го сфатат значењето на давањето на исказот а притоа му пружат помош и подршка.

Во праксата се јавуваат потешкотии тогаш кога треба да се донесе одлука за способноста на малолетникот да го сфати значењето на укажувањето дека не мора да сведочи. Според тоа пред донесување на одлука судот треба да побара од странката која предложила сведок истиот предлог да го образложи и да прибави мислење од стручни лица за степенот а интелектуална емоционална и социјална зрелост односно за степенот за душевна развиеност на малолетникот.

За таа цел потребно е да се ангажираат вештаци од медицинска струка , психолози педагози социјални работници и други лица. Пред појавување пред судот и сведочење неопходно е да се објави прелиминарна стручна припрема на малолетникот со цел да се избегнат или да се намалат можните негативни последици.

На малолетникот мора да му се објасни што е суд каква е улогата на сведокот во постапката а особено неговата должност да посведочи за настанот кој е предмет на расправата.

Основно право на сведоците е во текот на кривичната постапка да има третман на достоен човек како и право на уважување на личноста. Пред давање на исказ сведокот полага заклетва мегутоа оваа обврска ја немаат сите сведоци. Сведоците кои не полагаат заклетва се малолетниците и лицата кои заради својата душевна состојба неможат да го сватат значењето на заклетвата.

Доколку сведокот е малолетно лице истото се повикува преку родителите или законскиот застапник . При сослушувањето потребно е внимателно да се постапува со сите учесници во кривичната постапка со цел давањето исказ да не влијае штетно врз психичката состојба на малолетникот. Јавноста е исклучена за време на сослушување

на малолетно лице кое е помладо од 14 години. Малолетниот сведок се одстанува од судницата ведна после сослушувањето кога неговото присуство не е потребно за понатамошниот тек на постапката. Се поставува и прашањето со колкав степен на сигурност може да се прифати изјавата на малолетното лице со оглед дека психичките својства во таа возраст се такви што може да се посомневаме во веродостојноста на исказот.

Ова произлегува од фактот дека способноста за паметење е помала кај децата на помала возраст но и заради некои околности кои можат да влијаат на подобноста еден настан да се репродуцира со помала или поголема објективност .[43]

Кога во кривичната постапка како сведок се јавува малолетно лице покрај основната заштита на сведокот која е предвидена со ЗКП малолетниците имаат и посебна заштита. Што се однесува на основната заштита таа е насочена кон сите лица кои во кривичната постапка се јавуваат во улога на сведоци .

Органот кој ја води постапката е должен сведокот да го заштити од навреди, закани и какви и да било други напади. Покрај ова на малолетниците им се гарантираат и други права и со оглед на личноста и возраста на малолетникот , малолетниот сведок може да се смести во групата „ посебно осетливи сведоци“ како што е именувана во КЗ.

ЗКП предвидува по службена должност или на барање на сведокот да може да му одреди статус на посебно чувствителна жртва.[44] Овој статус се одредува со оглед на воздраста , начинот на живот, полот, здравствената состојба, природата начинот и последиците од извршеното кривично дело односно другите околности за конкретниот случај.

Органот на постапката може на посебно чувстителен сведок да му постави полномошник со цел да се заштитат неговите интереси.

Прашања можат да се поставуваат на сведокот само преку органот кој ја води постапката. Настојувајки да се избегнат можните штетни последици од кривичната

[43] Димитриоска . С Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела Скопје 2012 год.

[44] Чл.54 ст.3 од ЗКП

постапка по личноста, телесната и душевната состојба на сведокот. Сослушувањето може да се изврши со помош на педагог, социјален работник или други стручни лица.

Ако органот на постапката одлучи сведокот да се испита со употреба на технички средства за пренос на слика и звук, испитувањето се спроведува во посебна просторија без присуство на странки и други учесници во постапката. По исклучок сведокот може да се испита и во својот стан или друга просторија. Малолетникот не може да биде соочен со обвинетиот освен ако тоа самиот обвинет го бара а надлежниот орган тоа ке го дозволи водејки сметка за чуствителноста на сведокот.

Судот може на малолетникот да му одреди и статус на заштитен сведок по службена должност по барање на јавниот обвинител или на самиот сведок. Ако постојат околности кои укажуваат дека малолетникот со својот исказ или одговарање на поедини прашања себе или блиски лица ке ги изложи на опасност по животот здравјето, слободата или имотот од поголем обем судот може со решение за одредување на статусот на заштитен сведок да одреди една или повеке мерки на заштита.

Во мерки на посебна заштита спаѓаат: исклучување на јавноста од главниот претрес и забрана за објавување на податоци за сведокот. На обвинетиот и неговиот бранител можат да им се ускратат податоците за сведокот доколку судот после земањето изјава од сведокот јавниот обвинител утврди дека животот, здравјето или слободата на сведокот или нему блиски лица се загрозени до таа мера што тоа го оправдува ограничувањето на правата на одбраната.

7.3 Положба на малолетникот како сторител на кривично дело

Сторителот на кривично дело односно лицето за кое постои основано сомнение дека извршило кривично дело во кривичната постапка се нарекува обвинет. Во кривичната постапка обвинетиот врши процесна функција односно функција на одбрана. Иста е ситуацијата и со малолетните лица со тоа што малолетникот не се нарекува обвинет.

Иако кривичната постапка спрема малолетници не се одвива според правилата кои инаку важат во редовната кривична постапка, постапувањето на надлежните органи во оваа постапка мора да биде насочено на расветлување на кривичното дело и правилна

примена на материјалното право. Со оглед на тоа што при водење на постапката спрема малолетници се инсистира на итност, постапувањето на надлежните органи преземано за таа цел неможе да биде оправдание за непочитување на правото на правично судење и непочитување на презумцијата на невиност.[45]

Во кривичната постапка спрема малолетници обврска на сите актери во постапката е да ги почитуваат правата на детето и да постапуваат во склад со принципите од „Конвенцијата за правата на детето“ од 1989 година. Тоа значи дека тие имаат обврска да го почитуваат принципот на недескриминација, принципот за најдобар интерес на детето, почитување на мислењето на детето како и неговиот дигнитет, према малолетното лице во текот на целата постапка.

8. Кривични санкции кои можат да се применат спрема малолетни сторители на кривични дела

Во теоријата се истакнува дека малолетничките кривични санкции се мерки на помош и социјализација со што помалку елементи на принуда ограничување на правата и слободите и репресија а се повеке мерки на помош грижа, надзор и одстранување на пречките и условите за нормален и непречен развој и созревање на малолетниците.

Сето тоа е во склад со низа универзални и регионални Европски стандарди кои се однесуваат на малолетните сторители на кривични дела кои бараат исклучување или сведување на минимум на било каков облик на лишување од слобода.[46]

Според кривично правните одредби за малолетници во нашето законодавство содржани во закон за правда за децата, на малолетниците за извршените кривични дела можат да и се изречат: воспитни мерки (мерки на предупредување и усмерување), мерка на засилен надзор, заводски мерки, казна малолетнички затвор алтернативни мерки, мерки на безбедност, освен забрана за вршење на дејност должност или професија. Исто така како мерки на безбедност се: задолжително лекување од алкохолизам и задолжително лекување од нарко зависност и истите неможат да се изречат со мерки за предупредување и упатување.

[45] Димитриоска. С: Деца и млади во ризик - мерки на помош и заштита Уницеф 2008 год Скопје
[46] Правда за децата-Прирачник, 2010, УНИЦЕФ

Целта на малолетничките кривични санкции се согледа преку две цели. Нивната прва цел е иста како и целта на сите други кривични санкции а тоа е сузбивање на делата со кои се повредуваат или загрозуваат вредностите заштитени со кривичното законодавство.[47]

Според тоа општа цел на малолетничките кривични санкции е сузбивање на сите видови, облици и типови на криминалитет. Во рамката на општата цел на кривичните санкции целта на кривичните санкции спрема малолетниците е преку надзор, пружење заштита и помош, како и обезбедување на општо и стручно оспособување да се влијае на развојот и јакнењето на личната одговорност на малолетниците, на воспитување и правилен развој на нивната личност а сето тоа со цел да се обезбеди повторно вклучување на малолетниците во општеството.

Тоа може да се постигне на три начини: Преку надзор, пружење заштита и помош како и обезбедување на општо и стручно оспособување. Понатаму при одредување на целта на овие санкции законодавецот става акцент на воспитувањето, превоспитувањето и правилниот развој на малолетникот и тоа во вид на специјална превенција. Сепак малолетните кривични санкции не се лишени од принудниот или ретрибутивен карактер бидејќи нивната примена не зависи од волјата на малолетниот сторител на дело, а според својата содржина се состојат во поставување на одредени ограничувања, забрани, условувања и однесувања на малолетникот според одредени упатства и налози.

Треба да се нагласи дека спрема малолетниците воопшто не можат да се изречат казни, судски опомени и условна осуда, како останати видови на кривични санкции кој ги познава нашето кривично право.[48]

8.1 Воспитни мерки

Воспитните мерки претставуваат посебен вид на кривични санкции кои преку исполнување на законски пропишаните услови можат да се изречат на малолетници како и на млади полнолетни лица. Воспитните мерки представуваат типични

[47] Констатиновић Вилић, С. Костић, М. (2011). Пенологија. Ниш: Центар за публикације.
[48] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015

малолетнички кривични санкции и тие се единствените кривични санкции кои можат да се изречат на помладите малолетници (во тој случај се единствен избор кога станува збор за кривични санкции) а покрај тоа по правило се изрекуваат и на постарите малолетници за кои е докажано дека сториле кривично дело.[49]

Постојат три видови на воспитни мерки а тоа се:

- Дисциплински мерки укор или упатување во центар за деца
- Мерки на засилен надзор: засилен надзор од страна на родител или старател; засилен надзор во друго семејство ; засилен надзор од страна на центарот ; засилен надзор со дневен престој во соодветна установа за воспитување и образование на малолетници
- Заводски мерки: упатување во воспитна установа упатување во воспитно поправен дом и упатување во посебна установа за лекување и оспособување.

8.2 Мерки на предупредување и упатување

Судскиот укор е најблагата воспитна мерка и се изрекува тогаш кога не е потребно малолетникот да се издвојува од средината во која живее ниту е потребно да се превземаат трајни мерки спрема малолетникот преку соодветен стручен надзор и помош.

Оваа воспитна мерка се изрекува кога е потребно да се влијае на малоелтникот и на неговото однесување, а неговиот однос спрема стореното кривично дело и неговата спремност во иднина да не извршува кривични дела укажуваат на тоа дека доволно ке биде да се прекори.[50]

Извршувањето на судскиот укор се состои во самото негово изрекување кога судот му укажува на малолетникот на неприфатливоста на неговото однесување, а воедно го предупредува дека може да му биде изречена потешка кривична санкција доколку повторно направи кривично дело заради кое во законот не постојат посебни одредби за извршување на оваа воспитна мерка.

[49] Камбовски, В. Казнено право општ дел, Штип 2010

[50] С. Бејатовић, Јавни тужилац за малолетнике и извршење мере изречене малолентику, у: М. Шкулић и И. Стевановић (ур.), Улога јавног тужиоца у правном систему са посебним освртом на проблематику ефикасности кривичног поступка и малолетничку делинквенцију, Београд, 2009, стр. 179

Посебните обврски како мерка на предупредување и упатување иако навидум се слични со воспитните налози во голема мера се разликуваат од нив бидејќи за разлика од истите станува збор за кривични санкции. Она што им е заедничко е тоа што судот може да ги комулира и едните и другите.

Станува збор за следните обврски кои судот може да му ги наложи на малолетникот:

- Да се извини на оштетениот
- Во рамки на своите можности да ја надомести штетата која ја предизвикал (видот и начинот на надоместок на штетата со работа на малолетникот може да трае најдолго 60 часови во период од три месеци под услов таа работа да не му пречи на образованието или за вработувањето на малолетникот).
- Редовно да посетува училиште или да не изостанува од работа (во траење од една година со можност извршувањето да се измени или откаже).
- Да се оспособи за занимање кое одговара на неговите способности и склоности (во траење до една година со можност за измена или откажување од извршувањето).
- Без надомест да се вклучи во работата на хуманитарни организации или работи социјален локален или еколошки карактер (најмногу 120 часа во период од 6 месеци под услов таа работа да не му пречи на образованието или вработувањето на малолетникот.
- Да се вклучи во одредени спортски активности (во траење до една година со можност заизмена или откажување на извршувањето).
- Да подлегне на соодветни испитувања и одвикнувања од зависности предизвикани од употреба на алкохолни пијалоци или опојни дроги (во траење до една година со можност за измена или откажување на извршувањето).
- Да се вклучи во поединечен или групен третман во соодветна здравствена установа или советувалиште и да постапува по програми за работа кои се составени за него од тие установи (во траење до една година со можност за измена или откажување на извршувањето).
- Да посетува курсеви за стручно оспособување или да се подготвува и да полага испити со кои се проверува одредено знаење (во траење до една година со можност за измена или откажување на извршувањето).

- Да неможе да го напушти местото на живеење или престој без согласност на судот и посебно одобрение од страна на органот за старателство (во траење до една година со можност за измена или откажување на извршувањето).[51]

8.3 Мерки на засилен надзор

Во мерки на засилен надзор спаѓаат:

- Засилен надзор од страна на родител посвоител или старател
- Засилен надзор од згрижувачко семејство.
- Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа.
- Засилен надзор со дневен престој во соодветна установа за воспитување и образование на малолетници.

Мерката засилен надзор од страна на родител посвоител или старател се изрекува кога семејството на малолетникот е здраво, а до кривично дело дошло како резултат на недоволна грижа и невнимание, односно дошло до пропуштање на вршењето на посебна грижа и надзор на малолетникот од страна на родителите посвоителот или старателот а истите се во можност ваквата грижа и надзор да ги вршат и тоа можело основано да се очекува од нив.

Кај оваа мерка на родителите, посвоителите или старателите им се даваат потребни упатства и им се налагаат одредени должности во поглед на превземање поединечни мерки на воспитување. Судот може да му наложи на центарот да го проверува извршувањето на овие мерки и да им пружи помош на родителите односно на старателот. Оваа мерка може да трае од 6 месеци до 2 години.[52]

Засилен надзор во згрижувачко семејство е мерка која се користи кога родителите односно старателот на малолетникот не се во можност да вршат надзор над малолетникот, или од нив тоа не може основано да се очекува. Заради ова судот на предлог на центарот одредува семејство во кое малолетникот ке биде сместен и кое ке

[51] Димитриевич , Д . Проблеми кривичног поступка према малолетницима Институт за криминолошки и социолошка истраживања Београд 2007

[52] Д. Јовашевић, Положај малолетника у кривичном праву према новим законским решењима, op. cit., стр. 168.

врши надзор над малолетникот. И оваа мерка како и предходната трае најмногу 6 месеци а најдолго 2 години.

Малолетникот ќе се стави под засилен надзор на центарот според местото на живеење односно престојувалиштето на малолетникот во времето кога одлуката со која е изречена воспитната мерка станала извршна, во случај родителот, посвоителот односно старателот на малолетникот да не е во можност да врши засилен надзор а не постојат услови за засилен надзор во згрижувачко семејство. Оваа мерка може да трае најмалку 6 месеци а најмногу 2 години со тоа што судот дополнително одлучува за нивниот престанок.[53]

Последната мерка на засилен надзор во дневен престој во соодветна установа за воспитување и образование на малолетикот се изрекува кога е потребно ангажирање на стручнаци во посебна установа која се занимава со воспитание и образование. Малолетникот за целото време на извршување на мерката останува кај своите родители или кај други лица кои се грижат за него а во одреден период во текот на денот најдолго 4 часа дневно поминува во установа за воспитување и образование но така што тоа нема да влијае на неговото образование или редовно одење на работа. И оваа мерка како и сите останати мерки на засилен надзор трае најкратко 6 месеци а најдолго 2 години.

8.4 Заводски мерки

Заводските мерки се изрекуваат на малолетникот спрема кој треба да се превземат трајни мерки на воспитание, лечење и оспособување со потполно одвојување од средината во која до тогаш живеал. Овие мерки можат да се изречат како на постарите така и на помладите малолетници а карактеристично за нив е тоа што не се изрекуваат во одредено траење, туку нивното траење во рамките на законскиот предвиден минимум и максимум зависи од постигнатиот резултат во воспитанието и оспособувањето, за кое судот води сметка по службена должност.

[53] З. Вуцеља, Јавни тужилац за малолетнике и извршење мере изречене малолетнику, у: М. Шкулић и И. Стевановић (ур.), Улога јавног тужиоца у правном систему са посебним освртом на проблематику ефикасности кривичног поступка и малолетничку делинквенцију, Београд, 2009

Во зависност од ситуацијата судот може да изрече една од три законски предвидени воспитни мерки од заводски карактер:

- Упатување во воспитна установа – се изрекува кога малолетникот треба да се издвои од дотогашната средина и да му се обезбеди помош и постојан надзор од страна на стручни лица. Оваа мерка се извршува во установи за малолетници од општ тип и може да трае од 6 месеци до 3 години и за нејзиното траење се одлучува на секои 6 месеци во текот на извршувањето
- Упатување во воспитно поправен дом се изрекува на малолетникот спрема кој покрај издвојување од дотогашната средина треба да се примени и засилена мерка на надзор, и посебни стручни програми за воспитување. Судот посебно го земал во обзир поранешниот живот на малолетникот степенот на пореметување на однесувањето, тежината и природата на стореното кривично дело и околноста дали спрема малолетникот порано била изрекувана кривачна или прекршочна санкција. Се изрекува за време од 6 месеци до 4 години, и подлежи на периодично судско преиспитување на секои 6 месеци. Исто така постои можност на малолетникот да му се даде условен отпуст под услов да поминал најмалку 6 месеци во воспитно поправна установа, и врз основ на постигнатиот успех во воспитанието основано може да се очекува дека малолетникот во иднина нема да врши кривични дела и дека добро ке се однесува во средината во која живее.
- Упатување во посебна установа за лечење и воспитување се изрекува спрема малолетник кој има пречки во психофизичкиот развој (глуви, слепи, глувонеми, со заостанат душевен развој и др). Оваа мерка има двоен карактер: како воспитна мерка, и мерка за безбедност упатување во завод за чување кое може да биде комбинирано со чување. Затоа оваа мерка може да биде изречена наместо мерка за безбедност задолжително психиатриско лекување и чување во здравствена установа доколку може да се постигне целта на оваа мерка и да се обезбеди лечење и чување на малолетникот. Траењето на мерката со закон е одредено најдолго на 3 години освен ако е изречена наместо мерка на безбедност од медицински карактер, кога не е одредено нејзиното крајно време бидејки неможе да се знае колку време ке биде потребно за оспособување на лице со дефект за самостоен живот и корисна работа.

Малолетникот во таква установа останува се додека е тоа потребно заради негово лечење и оспособување, но кога ке постане полнолетен повторно се испитува потребата од негово понатамошно задржување во ваква установа. [54]

9. Казнување на деца

9.1 Казна малолетнички затвор

Со казната малолетнички затвор може да се казни само исклучително постар малолетник, ако извршил кривично дело за кое е предвидена казна затвор над 5 години. Малолетниот престапник мора да биде способен да го свати значењето на своите постапки и да управува со нив. Душевната зрелост како психичко својство приближно на пресметливоста како услов за изрекување на казната малолетнички затвор не е предвидена.

Целта на казната малолетнички затвор е пропишана како вршење на засилено влијание на малолетниот сторител во иднина да не врши кривични дела а исто така и другите малолетници да не вршат кривични дела. [55]

Постои исклучок кога се исполнети законски предвидените услови и кога судот ке дојде до уверување дека целта на малолетничките кривични санкции неможе да се оствари со примена на воспитни мерки, судот може да изрече посебен вид на казна а тоа е малолетнички затвор.

Оваа казна мололетнички затвор може да се изрече само на постар малолетник како сторител на тешко кривично дело. Казната малолетнички затвор никогаш не се изрекува задолжително, неможе да се изрече на секое малолетно лице и неможе да се изрече за секое сторено кривично дело (туку само за потешките).

Степенот на душевна развиеност на постарите малолетници е значително повисок и тој се приближува на душевната развиеност на полнолетните лица . Заради тоа спрема овие лица може да биде изречена и казната малолетнички затвор. [56]

---

[54] Д. Јовашевић, Положај малолетника у кривичном праву према новим законским решењима, op. cit., стр. 169.

[55] Константиновић Вилић, С. Костић, М. (2013). Систем извршења кривичних санкција и пенални третман у Србији. Ниш: Центар за публикације Правног факултета

Малолетничкиот затвор не може да биде пократок од 1 година ниту подолг од 10 години. За кривично дело за кое е пропишано казна затвор од 20 години или потешка казна, или во случај на стек на најмалку две кривични дела за кои е пропишана казна затвор потешка од 10 години, малолетничкиот затвор може да се изрече во траење до 10 години. Судот неможе да изрече казна малолетнички затвор во траење подолго од пропишаната казна за сторено дело, но тој не е врзан за најмалата мерка пропишана со казната.

Осудените на казна малолетнички затвор, без оглед на нејзиното траење може да останат во казнено поправен завод за малолетници најдолго до навршени 21 години. По исклучок во случај кога е потребно заради школување или стручно оспособување, или ако остатокот на неиздржаната казна не е подолг од 6 месеци, осудениот на малолетнички затвор може да остане во казнено поправниот затвор за малолетници и после навршени 21 години, но најдолго до навршени 2 години живот.

9.2 Парична казна

Најчесто, паричната казна се изрекува како главна казна а постојат исклучоци кога се работи за кривични дела кои се сторени од користољубие и во тие случаи истата може да биде изречена како споредна казна и тоа заедно со услована осуда со заштитен надзор или со казната затвор за деца. Доколку паричната казна малолетникот не е во можност да ја плати во тој случај судот може да ја замени со мерка општо корисна работа.

Имајки во предвид дека паричната казна се изрекува во дневни глоби и нивниот број неможе да е помал од една ниту пак поголем од сто и дваесет глоби, кога станува збор за изречена општокорисна работа, 1 дневна глоба се менува со 3 часови општокорисна работа. Притоа вкупните часови не треба да ја надминат бројката од 100 часа. Доклолку паричната казна не е платена или општокорисната работа не е извршена или е делумно извршена, во тој случај судот може да направи замена со мерката засилен надзор или упатување во центар за деца.

[56] Д. Јовашевић, Кривично право – општи део, Београд, 2010

Забрана за управување со моторно возило и протерување на странец од земјата може да биде изречени како главна казна или пак заедно со паричната казна да биде изречена како споредна казна.

9.3 Алтернативни мерки

Целта на алтернативните мерки е спрема дете над 16 години кое е кривично одговорно да не се примени казна кога тоа не е нужно а се со цел спречување на вршење понатамошни дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и кога може да се очекува дека предупредување со закана за казна и примена на мерки за помош, заштита и надзор ќе влијае врз воспитувањето и правилниот развој на детето.

Според чл.60 од Законот за правда на децата, на кривично одговорно дете над 16 годишна возраст можат да му се изречат следните алтернативни мерки:

- Условна осуда со заштитен надзор (оваа мерка судот може да ја изрече кога на дете му е утврдена казна затвор во траење до 3 години или парична казна. Заштитниот надзор се состои од една или повеќе обврски кои се идентични со обврските кои може да се изречат кај воспитните мерки а за кои детето е должно да се придржува во времето на проверување.)
- Условно прекинување на водење на постапката спрема детето (Оваа алтернативна мерка судот може да ја определи на дете над 16 годишна возраст за сторено КД за кое е утврдена парична казна или казна затвор до 5 години, доколку детето изразило каење за извршеното дело, доколку ги отстранило последиците за делото, ја надоместило штетата или се помирило со оштетениот кој е согласен со прекинувањето на постапката, но постои услов детето во рок од две години да не стори друго дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело)
- Општокорисна работа (На кривично одговорно дете над 16 годишна возраст кое сторило КД за кое е утврдена парична казна или казна затвор до три години, судот може да му изрече мерка општокорисна работа во траење од пет до 100 часа кога е потребно со оваа мерка да се изврши воспитно влијание врз личноста и поведението на детето).

Одредбите од Кривичниот законик за алтернативните мерки се однесуваат и на изрекување на деца над 16 години доколку со ЗПД не е поинаку определено.Судот

може да изрече алтернативна мерка само кога постои изрична и слободно изразена волја на детето во постапката со цел почитување на неговите права.

9.4 Мерки на безбедност

Нашиот кривичен законик познава 7 мерки на безбедност а тоа се :

1. Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа
2. Задолжително психијатриско лекување на слобода
3. Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани
4. Забрана на вршење професија дејност или должност
5. Забрана за управување моторно возило
6. Одземање предмети
7. Протерување странец од земјата

Сите наведени мерки на безбедност освен мерката забрана за вршење професија дејност или должност може да им се изрекува на малолетниците под исти услови како и на полнолетните сторители на кривични дела , доколку е изречена воспитна мерка или малолетнички затвор шшто важи и во случај на изрекување воспитни мерки спрема помлади полнолетни сторители на кривични дела .

9.5 Надзор над извршувањето на кривичните санкции спрема малолетниците, запирање на извршувањето и измена на одлуката за воспитни мерки

Со изрекување на пресудата во општата кривична постапка се завршува улогата на судот и истовремено се заснова извршно правен однос. Меѓутоа, кога станува збор за постапката спрема малолетници не постои јасно разграничување помегу пресудите и извршувањето на изречените воспитни мерки односно казната малолетнички затвор. Овде улогата на судот за малолетници и на јавниот обвинител продолжува се до донесување на одлука за запирање на изречените мерки. Ова се јавува поради целта на воспитните мерки и релативната неодреденост на нивното траење. Така судијата за малолетници и јавниот обвинител за малолетници ја остваруваат соодветната контролна функција во однос на извршувањето на одредените кривични санкции спрема малолетникот. Таа контролна функција се остварува непосредно во поглед на заводските воспитни мерки како и по пат на периодични извештаи на установата во

која се извршува санкцијата а со посредство на центарот или ако е тоа можно, преку соодветни стручни лица кога станува збор за останатите воспитни мерки. За да се откаже воспитната мерка кога нејзината цел ке биде остварена а со самото тоа и ке се заврши нејзината активност, судот мора да ја прати постапката на нејзиното извршување. Така судијата за малолетници кој ја изрекол воспитната мерка од институционален карактер и јавниот обвинител за малолетници се должни да ги следат резултатите од извршувањето на воспитните мерки преку надгледување на малолетникот кој е сместен во завод или во установа во која се извршува мерката, но и преку непосреден увид и разгледување на извештаите за текот на извршување на изречената воспитна мерка. Истите им се доставуваат на секои 6 месеци по службена должност од страна на установата или заводот во кој се извршува мерката. Во врска со вршењето надзор над извршување на воспитните мерки кои не се од институционален карактер, предвидена е обврска на центарот секој 6 месеци да му доставува на судот кој ја изрекол воспитната мерка и на јавниот обвинител за малолетници, периодичен извештај за текот на извршување на воспитната мерка. Судијата за малолетници е овластен овој извештај да го побара и во пократок временски период. [57]

Кога се исполнети законските услови за измена на одлуката за изречената воспитна мерка односно за запирање на нејзиното извршување или за условен отпуст на малолетникот, одлуката за тоа ја донесува советот за малолетници од судот кој судел во прв степен, и алтернативно може:

1. По сопствена иницијатива, или кога ке најде дека тоа е потребно
2. На предлог на одредени субјекти јавен обвинител за малолетници , малолетникот, неговите родители , посвоителот односно старателот на малолетникот , управникот на заводот, односно установата во која се извршува мерката или центарот на кој му е доверен надзорот над малолетникот.

Причини за донесување одлука за запирање на извршувањето или замена за изречените мерки можат да бидат следните:

[57] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015

1. Појава на нови околности кои не биле во време на донесување на мерките или судот за нив не знаел а тие би биле од значење за одлуката околу изборот на воспитната мерка .
2. Постигнатиот успех во примената на воспитната мерка
3. Одбивање на малолетникот или неговиот родител , посвоител или старател да постапат по изречената мерка или по налогот на оној кој ја извршува мерката.
4. Ако настапат други околности предвидени со закон а истите би биле под влијание на донесување на одлука.

Овие одлуки ги донесува советот за малолетници на седница, независно од тоа за која воспитна мерка се работи па дури и за мерки изречени на основ на главен претрес. Судијата за малолетници не е овластен да отфрли ни еден предлог ниту тогаш кога според закон е недопуштен. На седница на советот во која се одлучува за измена на одлуката или за запирање на нивното извршување се повикуваат и на истата задолжително присуствуваат сите лица коин имаат право да предложат измена или запирање на одлуката за воспитни мерки, како и претставник на центарот односно заводот или установата во која се извршува воспитната мерка.

Пред донесување на воспитната мерка задолжително се сослушуваат јавниот обвинител за малолетници, малолетникот, родителот или посвоителот односно старателот, а по потреба и други лица. Се прибавуваат и потребни извештаи од установи во кој малолетникот ја издржува заводската мерк, од центарот или други органи или установи. Против решението за запирање на извршувањето или за замена на воспитната мерка дозволена е жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

10. Превенција на детското престапништво

Големите социјални разлики и општествената нееднаквост, сиромаштијата и не вработеноста, политичките и економски кризи, корупцијата и институционалната дезорганизација претставуваат извор на криминал и многу други видови на социјални девијации кај малолетниците.

Денес во повеќето современи општества институциите кои се занимаваат со социјална заштита претставуваат клучен елемент во организираниот и формален систем на

општествена реакција на криминалот кој го вршат малолетници. Најголемата улога во современиот концепт на социјална заштита е заштитата на интересот на децата и малолетниците. Службите за социјална заштита поаѓаат од гледиштето дека криминалитетот на децата и малолетниците претставува манифестација на пречките во социјалниот развој и задоволувањето на нивните социјални потреби. [58]

Кога станува збор за институции кои се занимаваат со социјална заштита, најголемо внимание треба да се посвети на центрите за социјална работа. Покрај учеството во кривичната постапка и давањето мислења на судот во поглед на изрекување на адекватна кривична санкција, центарот за социјална работа има и други нормативно дефинирани улоги кои спагаат во доменот на извршување на кривични санкции. Ова се согледа во спроведување судски изречени воспитни мерки, следење на заводски мерки и извршување на казната малолетнички затвор, до постпенален прифат на малолетникот и примена на различни палети семејни и социјални заштитни мерки спрема малолетникот и неговото семејство.

Превенцијата на социјалните проблеми претставува клуучна општествена улога на центарот за социјална работа која се однесува на неговото учество во реакцијата спрема криминалот кој го вршат деца и малолетници.

Социјалната заштита и социјалната работа се дел од контекстот на општесствено реагирање спрема малолетничкиот криминалитет во поглед кога идејата за казната како одмазда се заменува со хуманистички однос спрема човекот и антрополошки оптимизам дека престапникот може да се превоспита, ресоцијализира и реинтегрира во општеството.[59]

Ресоцијализацијата во модерните општества прерасна во основна цел на општествена реакција кон престапничкото однесување на малолетниците. Сепак идејата за ресоцијализација како специјална превенција низ текот на годините го проагала патот од безрезервно прифакање, преку отфрлања па до реафирмација. Ресоцијализацијата била во постојан вредносно-антрополошки конфликт со идеите на казнување и

[58] Димитриоска . С Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела Скопје 2012 год.

[59] Димитриоска . С Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела Скопје 2012 год.

контрола на однесувањето. Општата улога и целта на социјалната заштита и социјалната работа во општествената реакција на кривичните дела сторени од малолетници се ограничени со нормативно законски рамки.

Од институциите за социјална заштита и социјална работа најважна улога во општествената реакција на малолетничкото престапништво има центарот за социјална работа. Сите улоги кои оваа институција ги има спрема малолетничкото престапништво се од директно или индиректно превентивно значење. [60]

Во методолошки и содржински поглед улогата на центарот за социјални работи во превенцијата се манифестира преку повеке форми кои се советодавно-инструктивни, стручно-методолошки, иницијативно-покренувачки, организаторски и координативни.[61]

Станува збор за следните клучни улоги кои имаат превентивно значење:

- Следење и проучување на малолетничкото престапништво, критични и социјални групи, вклучувајки го веке манифестираното престапништво.
- Планирање и програмирање на општествени активности за спречување на престапништво и заштита на децата кои имаат пречки во социјалниот развој, подразбирајки ги и малолетните престапници.
- Непосредно превентивно дејствување.
- Влијание на политиката на изрекување воспитни мерки.
- Социјална заштита на малолетните престапници, вклучувајки и извршување на воспитните мерки и отстранување на неповолните последици од пречките во социјалниот развој.
- Координативно-иницијативна улога во институционалниот систем на третман и заштита на малолетните престапници.

Улогата на центарот за социјална работа во превенција на малолетничкото престапништво врзана е за семејноправната заштита а тоа посебно се однесува на

[60] Анализа на социјалната состојба на децата кои ја загубиле или се изложени на ризик од губење на родителската грижа во град Скопје – Богоевска .Н. Борнарова .С 2013 год

[61] Димитриоска . С Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела Скопје 2012 год.

популацијата деца до 14 години извршители на кривични дела кои се кривично неодговорни.

Центарот за социјална работа има исклучива надлежност за примена на семејно правна заштита освен во случаите на лишување на родителско право, каде може да има консултативно и стручно проценувачка улога. Семејно- правните мерки кои можат да се применат во однос на децата извршители на кривични дела и нивните семејства се применуваат во повеќе облици и тоа како надзор на вршење на родителското право, лишување на родителско право, грижа и старателство на детето.

Наведените улоги на центарот за социјални работи во општествената реакција на малолетничкиот криминалитетот имаат четири димензии:

- Прво, тоа е нормативната димензија. Учеството на центарот за социјални работи е времено во Законот за кривична постапка, законот за социјална заштита и обезбедување социјална сигурност на граѓаните и законот за семејство. Нормативната димензија своите извори ги има во мегународните конвенции а пред се Конвенцијата за правата на детето.
- Втора димензија претставува социјално политичката или социјално заштитна димензија.Тоа значи дека во фокусот на интервенциите главна цел е интересот и заштитата на детето. Социјално политичката цел претставува хуманизација на општествените односи и хумано постапување со оној дел од популацијата за кој се смета дека заради возрасните, развојните и психичките карактеристики нема ист однос спрема извршеното кривично дело како што имаат возрасните престапници.
- Третата е теориската димензија. Работата со децата се заснова на теориски гледишта за етиологијата на малолетничкиот криминалитет. Особено се нагласуваат психолошки и семејно-средински фактори како причина за деликвентно однесување на децата.
- Четврта димензија е методолошко-методска и институционална. Работата со малолетните извршители на кривични дела се извршува преку употреба на одредени методи, техники, постапки и средства во одреден институционален контекст.

Активностите на центарот за социјална работа за превенција на малолетничкото престапништво најчесто во праксата се исполнуваат преку:

- Предавања во училиштата на теми поврзани со малолетничката деликвенција.
- Организирање на слободното време на учениците во училиштата.
- Работа и развој на програми за превенција на наркоманија и алкохолизам во заедниците.
- Учествување во активности на мултидициплинарни тимови при МВР
- Семејни советувалишта .
- Работилници со малолетни престапници и нивни родители.
- Интерактивни предавања од едукативен карактер со дискусии.

Превентивните мерки кои се преземаат пред извршување на одредено дело односно антиделиктум, можеме да ги групираме во една група која ја чини примарната превенција.[62] Целта на овие мерки се состои во спречување , оневозможување и предупредување за девијации во однесувањето на младите. Таквата цел на примарната превенција може да се постигне ако со нејзините мерки се дејствува во правец на елиминирање или сведување на минимум на мерките и факторите кои доведуваат до појава на криминалитет како и на други облици на престапничко однесување кај младите. Со тие мерки истовремено се допринесува за формирање на такви морални, општествено политички и други својства кај младите кои ке ги направат одпорни на предизвици и нивна потенцијална криминализација.

Ова практично значи дека примарната превенција мора да се зафати со корените односно причините за престапничко однесување, мора да тежнее кон укинување или ублажување на дејствата на општите, посебните и поединичните фактори за престапничко однесување кај малолетниците.

Секундарната превенција исто така се состои од низа на конкретни мерки и активности кои се различни по својата природа и содржина. Овде пред се спагаат активности чија цел е рано откривање,односно идентификување на младите во чие однесување дошло до одредени девијации. Раното откривање и почетните облици

[62] Димитриевич , Д . Проблеми кривичног поступка према малолетницима Институт за криминолошки и социолошка истраживања Београд 2007

на престапничко однесување има непроценлива вредност за ефикасноста на мерките на секундарна превенција.[63]

Успехот на тие мерки ке биде поголем доколку истите што порано односно благовремено ке се преземат. Исто така нивната ефикасност зависи од тоа колку изборот и примената на поединечни мерки се адекватни на личните и социјални карактеристики на секој конкретен престапник.

Одовде изучувањето на објективните и субјективните детерминанти на престапничко однесување како индивидуални појави, претставува понатамошен неопходен предуслов за успешност на секундарната превенција.

Потребно е изучување и ангажирање на стручни лица односно институции кои се оспособени да ги откријат и утврдат конкретните причини за малолетничкото престапништво.

10.1 Програми за превенција на малолетничкото престапништво во локалната заедница со посебен осврт на активностите на полицијата

Со цел за откривање, сузбивање и проучување на различни облици на девијантно однесување кај малолетниците потребно е:

- Да се развие широко заснована превентивна работа во однос на несаканите облици на однесување.
- Јакнење на превентивната функција во училиштата со вклучување на едукативни предавања од страна на полицијата.
- Присутноста и соработката помегу полицијата и локалната заедница е многу важен фактор во превенција на престапничкото однесување на малолетниците.
- Кадровско јакнење на секторот за превенција во полицијата што подразбира постојана едукација и тимско делување.
- Заедничко дејствување на полицијата и центарот за социјални работи кои во повеќето случаи доаѓаат први во допир со малолетниците кои се потенцијални престапници.

[63] Димитриоска. С: Деца и млади во ризик - мерки на помош и заштита Уницеф 2008 год Скопје

- Ангажирање на невладини организации кои преку соработка со полицијата и локалната заедница ке работат на остварување услови за организирање на слободното време на младите.
- Покренување на семинари за едукација, јавни дебати, стручни расправи вклучувајки ги институциите на кривично правосудство, вклучување на социјални работници, психолози, педагози, просветни работници, здравствени работници а особено внимание да се посвети на учеството на полицијата во сите активности кои се врзани за превенција на малолетничкото престапништво.

10.2 Државен совет и општински совет за превенција

Државниот совет за превенција е формиран во Декември 2009 година од страна на Собранието на Р.С.Македонија и од моментот на формирање до денес активно ги извршува работите од своја надлежност во согласност со Законот за правда на децата. Тој е составен од 15 членови кои се избираат од страна на Собранието на Р.С.Македонија со мандат од 5 години. Членовите од државниот совет за превенција се професионалци, стручни и научни работници, вработени во државни и јавни установи, приватен сектор како и претсавници на граѓански здруженија. Ангажманот на избраните членови во советот е задолжителен но претставува нивна дополнителна активност, во зависност од програмата за работа на советот како и условите за работа. Кои им се делегираат од страна на советот за превенција.

Членовите на советот за превенција се со право на повторен избор и се избираат по следниот редослед: седум од членовите на советот се претставници од Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на Р.С.Македонија, Врховниот суд на Р.С.Македонија и Адвокатската комора сите овие членови ги предлага Министерот за правда. Останатите осум членови во Државниот совет за превенција се бираат преку јавен оглас и тоа од редот на истакнати научни и стручни работници кои работат во областа на заштитата на интересите на децата од кои еден претставник е од редот на невладини организации кои се занимаваат со заштита на правата на децата.

Седиштето на Државниот совет за превенција е во Министерството за правда во Скопје и при односите со други органи и лица настапува со своето лого кое се утврдува од Државниот совет. При избор на членови во Државниот совет за превенција се применува правична застапеност на граганите од сите заедници. Исто така во работата на Државниот совет за превенција има претставник од Народниот правобранител.

Советот избира претседател од редот на избрани членови кој има мандат од две години со право на повторен избор. На член на Државниот совет за превенција му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран во следните случаи: на негово лично барање, поради смрт,ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата и доколку комисијата за прашање на избори и именувања на Собранието на Р.С.Македонија ке утврди предлог за разрешување на Советот пораи неоправдано отсуство на три седници едно по друго или повеке од пет седници во текот на целата година,врз основа на предлог што го донел Советот со мнозинсто на гласови.

Овие услови утврдува дали се исполнети Државниот совет со мнозинство гласови од вкупниот број членови а потоа поднесува иницијатива за престанок на мандатот до Собранието. Доколку на член на Советот му престане функцијата пред истекот на мандатот,согласно член 154 од ЗПД, се избира нов член на Советот во рок од три месеци.

Сите органи на Државната управа односно Судови, Јавни обвинителства,правни лица кои вршат јавни овластувања во образованието, воспитанието и заштитата на децата се должни да соработуваат со Државниот совет за превенција.

Државниот совет за превенција ги има следните надлежности:[64]

- Донесување на национална стратегија за превенција на детско престапништво.
- Донесување годишни програми и планови.
- Донесување Деловник за својата работа.
- Предлага средства потребни за неговата работа во предлогот на Буџетската пресметка на министерството за правда.

[64] https://dspdp.com.mk/za-dspdp/

- Дава иницијативи за подобрување на законски решенија и мислења за предлози на закони кои се од значење за заштитата на правата на децата и спречувањето на детското престапништво.
- Покренува иницијативи за широко запознавање на граганите со правата на децата како и расправи за здраво семејство, за заштита на децата од: наркоманија, алкохолизам и други болести на зависност, за проблеми со образованието и воспитувањето,за односот на сретствата за јавно информирање и за други фактори кои влијаат врз спречување на детското престапништво.
- Соработува со разни мегународни организации и тела кои се ангажирани во заштита на детето и спречување на детско престапништво.
- Изработува Годишен извештај за својата работа и за состојбата во областа на правата на детето и детското престапништво и истите ги доставува до Собранието, Владата, Судскиот совет и Врховниот суд на Р.С.Македонија, кои се должни да ги разгледаат и преземат соодветни мерки и активности согласно своите надлежности и дава мислења на програмата согласно Законот на правата за децата.

11. Примена на воспитните мерки во споредбеното кривично законодавство

Проблематиката околу кривичните санкции кои се применуваат спрема малолетници, е различно регулирана во сите современи кривични законодавства поединечно, меѓутоа и покрај тоа може да кажеме дека преку соодветни превентивни мерки примената на воспитните мерки ја сочинува суштината на современата криминална политика спрема малолетните деликвенти.

Во тој контекст, на Десетиот Конгрес на меѓународното здружение на судии за малолетници, кој има карактер на советодавна организација при ООН, одржан во јули 1978 година во Монтреал, констатирано е дека решението на проблемите со малолетничката деликвенција не се состои во враќање кон старото, пунитивно или казнено реагирање на оваа појава туку сите настојувања треба да се насочат така што ќе се постигне ангажирање на младите во општеството , пред се со примена на воспитни а не казнени мерки.[65]

[65] А. Шелив, X Мегународен Конгрес на здружение на судии за малолетници, Београд 1979 год

11.1 Франција

Во Франција кривично-правната положба на малолетните деликвенти била регулирана со „Уредба за деца деликвенти“ која била донесена во 1945 година.[66] Со оваа Уредба се востановени три категории на малолетни сторители на кривични дела: категорија деца до 13 години старост, категорија помлади малолетници од 13 до 16 години, и категорија постари малолетници од 16 до 18 години.

Малолетниците од првата категорија не биле кривично одговорни и спрема нив можело да се применат единствено мерки на заштита, помош и воспитни мерки. Спрема втората категорија се применувале воспитни мерки и воспитно поправни мерки под услов задолжително да се зема во предвид личноста на малолетникот и околностите на извршеното дело. Третата категорија подлежела на построг третман и доколку нејзините припадници извршиле некое кривично дело на нив им судел суд за малолетници и овој суд можел да изрекува воспитни мерки пропишани со закон како и казна.

Во Франција сите кривични санкции спрема малолетниците се сведуваат на два вида: воспитни мерки и казни. Воспитни мерки се: предавање на родител, тутор односно лице кое се грижи за малолетникот или на некое друго лице од доверба, сместување од овластена приватана или јавна установа, за воспитување или професионално оспособување, сместување во овластена медецинска психолошка установа, во интернат прилагоден за деца како и сместување во јавна установа за воспитување под надзор или за поправање.

11.2 Белгија

Со Белгискиот „Закон за заштита на децата“ од 1912 година а изменет во 1949 година се предвидува дека малолетник помлад од 16 години може да им се предаде на родителите со препорака да го чуваат и во иднина да водат поголема грижа за него, можат да го доверат на јавна или приватна установа, добротворна установа или друштво или до полнолетство да се стави на располагање на Владата, што спрема член

[66] Француска уредба за деца деликвенти од 2 март 1945 година, дополнета и изменета со Закон број 51/687 од 24 мај 1951 година

22 од споменатиот закон значи дека малолетникот ќе биде сместен во Државен дисциплински завод во траење од најмалку две а најмногу 10 години.

1.3 Швајцарија

Швајцарскиот кривичен законик од 1975 година предвидува воспитни мерки кои се применуваат спрема деца односно спрема сторители на кривични дела кои наполниле 7 а немаат наполнето 15 години живот. На овие сторители може да и биде применета воспитна мерка „помош во воспитувањето„ можат да го сместат во соодветно семејство или да го упатат во воспитен завод. На малолетниците од 15 до 18 години исто така може да и бидат изречени воспитни мерки исти како наведените претходно и да им се изрече опомена да им се издаде работен налог, да им се изрече парична казна или затворање од еден ден до една година.[67]

11.4 Германија

Со „Законот за малолетничко судство“ на С.Р Германија од 1953 година се разликуваат воспитни мерки, дисциплински мерки и малолетничка казна.

Во воспитни мерки спаѓаат: упатувања, поставување помошник за воспитување на малолетници, воспитување под јавен надзор, сместување на малолетникот во туго семејство или воспитен налог. Дисциплински мерки се укор, налагање на посебни должности и младински притвор.

11.5 Бугарија

Според член 61 од Бугарскиот кривичен закон судот може да одлучи да не донесе пресуда на малолетникот доколку дојде до уверување дека на него успешно можат да се применат воспитни мерки во смисол на Законот за сузбивање на против општествени појави кај децата и малолетниците од 3 февруари 1961 година. Според овој закон на малолетните сторители на КД можат да им бидат изречени следните воспитни мерки: укор, надзор од општествена организација, работен колектив или поединец над воспитување и сместување во училиште за работно воспитување што претставува мерка од заводски тип.

[67] Затварањето на малолетникот кое трае повеке од еден месец е извршува во воспитен завод

11.6 Украина

Кривичниот закон на Украина во член 11 пропишува повеќе принудни мерки од поправен карактер кои можат да се изречат на малолетниот сторител на кривично дело кое е опасно за општеството. Тие се обврска малолетникот јавно или во друга форма да побара опростување од жртвата, опомена, предавање на малолетникот под надзор на родител или старател или под надзор на педагошки или работен колектив, обврска малолетникот да ја надокнади причинатата штета ако има навршено 15 години и ако има заработка или поседува имот, и упатување на малолетникот во специјална образовно воспитна установа за деца или млади најдолго до три години.

11.7 Србија

Малолетничкото кривично право во Србија предвидува три основни врсти на кривични санкции кои може да ги изрече суд за малолетни сторители на кривични дела а тоа се: воспитни мерки, казна малолетнички затвор и мерки на безбедност.

Основни видови на кривични санкции кои се предвидени за малолетните сторители на кривични дела во Р.Србија се систематизирани во три групи: мерки на предупредување и упатување, мерки на засилен надзор и трето заводски мерки.

Наместо санкции во новото кривично законодавство на Р.Србија се воведени посебен вид на мерки а тоа се: воспитни налози како алтернативни мерки кои имаат за цел свртување на кривичната постапка спрема малолетниците кон примена на не кривични мерки.

Системот на воспитни мерки како основен вид на малолетнички кривични санкции го сочинуваат следните мерки: **мерки на предупредување и упатување (**судски укор и посебни обврски), **мерки на засилен надзор** (засилен надзор од родител посвоител или старател, засилен надзор во друго семејство, засилен надзор од орган на старателство и засилен надзор со дневен престој во соодветна установа за воспитување и образување на малолетникот) и **заводски мерки** (упатување во воспитна установа , упатување во воспитно поправен дом и упатување во посебна установа за лекење и оспособување).

Новото малолетничко кривично право во Р. Србија ги предвидува следните посебни обврски на малолетниците:

- Малолетникот да се извини на оштетениот.
- Во рамки на сопствените можности да ја надомести штетата која ја направил.
- Редовно да посетува училиште или да не изостанува од работа.
- Да се оспособува за занимање кое одговара на неговите способности и склоности.
- Без надомест да се вклучи во работа на хуманитарна организација или во работи од социјален локален или еколошки карактер.
- Да се вклучи во одредени спортски активности.
- Да биде подлежен на соодветни испитувања и одвикнувања од зависности предизвикани од употреба на алкохолни пијалоци или опојни дроги.
- Да се вклучи во поединечен или групен третман во соодветна здравствена установа или советувалиште и да постапува според програми за работа кои се составени од тие установи за него.
- Да посетува курсеви за стручно оспособување или да се подготвува и да полага испити со кој се одредува одредено знаење.
- Да неможе да го напушти местото на живеење или престојување без согласност на судот и посебно одобрение од Ц.С.Р.

11.8 Италија

Италијанското законодавство како и другите современи Европски правни системи ја истакнува потребата за посебен однос спрема малолетните престапници. Кога станува збор за потребата од реакција „ante delictum“, од 1934 година Судот за малолетници може да му одреди различни мерки на малолетникот кој сеуште не извршил кривично дело но манифестира различни облици на девијантно однесување како што се: бегање од домот, престој во криминогено опкружување или занимавање со проституција.[68]

Наведените мерки можат да се состојат во зајакнат надзор од страна на Ц.С.Р или во упатување во посебен медицинско-психопедагоски институт за малолетници.

[68] А.Батричевик, васпјитне мере појачанок надзора малолетника у кривично право Финске и Италије, Београд 2010

Италијанското малолетничко кривично право традиционално се базирало на два институти: судско опростување (il perdono giudiziale) и условен отпуст (la liberazione condizionale).[69] Значајни промени во малолетничкото кривично право во Италија настапиле во 1988 година, кога е усвоен Декрет на Претседателот на Република[70] чии одредби се посветени на регулирање на кривичната постапка против малолетници.

Во член 28 од овој акт воведен е еден специфичен институт под назив „ прекинување на кривичната постапка и ставање на малолетникот на проба“ кој претставува синтеза од елементи на различни институти како што се: скренување на кривичната постапка, условна осуда, засилен надзор и посебни обврски. Судијата за малолетници откако ке ги сослуша двете страни може да донесе наредба со која се одредува прекин на кривичната постапка и може да наложи проверка на малолетникот во одреден временски период. Тој период на проверка може да трае најдолго една година, освен во случај кога е сторено кривично дело за кое може да се изрече казна затвор во траење над 12 години и во тој случај проверката на малолетникот трае најдолго три години. Во текот на проверката малолетникот останува во своето опкружување, со тоа што надлежниот Ц.С.Р за целото тоа време врши засилен надзор а во исто време му пружа и потребна помош и подршка.

Со посебна наредба може на малолетникот да му се наложи и одредена обврска чија цел е отстранување на штетните последици кои биле причинети со извршување на кривичното дело и воедно да се изврши помирување на малолетникот со жртвата односно оштетениот.

Суштината на прекинување на постапката и засилениот надзор е во текот на тој период на проверка Судијата за малолетници да стекне увид во личноста на малолетникот и неговото однесување врз основа на извештаите од надлежните служби на Ц.С.Р. Ако Судијата стекне уверување дека проверката имала позитивен исход, ке донесе пресуда со која евентуалното кривично дело ке биде поништено благодарение на позитивните извештаи на проверките. Во спротивно Судијата ке одлучи кривичната постапка спрема малолетникот да се продолжи.

[69] Ricciotti,R.La Giustizia penale minorile, Padoba 2007
[70] Decreto del presidente della Republica 448-88

11.9 Руска Федерација

Кривичниот законик на Руската Федерација предвидува два вида на кривични санкции кои можат да се изречат на малолетните сторители на кривични дела а тоа се: казни и воспитни мерки под принуден карактер.

На малолетниците можат да им се изречат следните казни: [71]

- Парична казна во износ од 10 до 500 минимални парични износи на работа (ако малолетното лице располага со своја заработка или имот преку кој може да се наплати).
- Лишување на право да се занимава со одредена дејност.
- Задолжителна работа во траење од 40 до 160 часа при што за лица на возраст до 15 години оваа казна може да трае најмногу два часа на ден, а за лица на возраст од 15 до 16 години најмногу до три часа на ден.
- Поправна работа во траење до една година.
- Изолација која може да се изрече на малолетникот на возраст до 16 години во траење од еден до четири месеци.
- Лишување од слобода во одредено траење до 10 години.

Малолетникот кој за прв пат извршил кривично дело од мала или средна тежина може да биде ослободен од кривична одговорност ако Судот дојде до уверување дека неговото поправање и превоспитување може да се постигне со една од воспитните мерки од принуден карактер: предупредување, надзор на родител или лице кое го заменува родителот, надзор од специјализиран Државен орган, обврска за надоместок на штетата и ограничување на слободното време.

11.10 Хрватска

Во Република Хрватска малолетничкото кривично право е издвоено од општото кривично право и негов основен извор е Законот за судови за млади од 2011 година. Посебната положба на малолетните сторители на кривични дела во кривичното право во Р. Хрватска во најголема мера е детерминирана преку пропишување на посебен систем на санкции кои во голема мера се разликуваат од кривично правните санкции

[71] Кривичен законик на Руската Федерација член 8, Москва 2005

предвидени за полнолетните сторители. Примената на малолетничките санкции детално е уредена со Законот за судови за млади, преку пропишување на поединечни мерки, нивната цел условите за примена, нивната содржина и начинот на примена на секоја поединечна мерка. Спрема малолетниците, единствено под услови пропишани во кривичниот законик можат да се применат некои од мерките на безбедност.

Во Хрватска постојат седум вида на воспитни мерки групирани во три мерки:

- Мерки на предупредување и упатување(судски укор и посебни обврски).
- Мерки на засилен надзор (засилена грижа и надзор и засилена грижа и надзор со дневен престој во воспитна установа).
- Заводски воспитни мерки (упатување во воспитна установа, упатување во воспитен завод и упатување во посебна воспитна установа).

II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

Методологија на истражувањето

При истражувањето ги користевме следните методи:

1. Дескриптивен метод,
2. Нормативен,
3. Статистички
4. Метод на споредба
5. Методот на анализа на содржината,

Притоа, користевме податоци за пријавени, обвинети и осудени деца во судир со законот- сторители на кривични дела во Р.С.Македонија за периодот од 5 години и тоа од 2017 до 2021 година.

Со цел да имаме увид воопшто во малолетничкиот криминалитет во Република Северна Македонија, кривичните постапки и изречените кривични санкции, користевме и податоци од Државен завод за статистика преземени од нивниот официјален сајт.

Хипотезите на моето истражување произлегуваат од предметот на мојот магистерски труд односно со оглед на тоа дека како предмет на трудот е положбата на малолетните лица како извршители на кривични дела, жртви и сведоци во кривичната постапка, хипотезите кои би требало да ги провереме се следните:

- Се забележува зголемен број на кривични постапки покренати против малолетници во периодот од 2017 до 2021 година.
- Малолетниците најчесто вршат имотни кривични дела, а поретко кривични дела против животот и телото.
- Голем број на кривични постапки спрема малолетници се запираат.
- Центарот за социјални работи има активна улога во кривичната постапка.
- Малолетниците жртви на кривични дела имаат стручна помош и подршка во текот на кривичната постапка.

- Во поглед на кривичните санкции почесто се изрекуваат мерки на предупредување и упатување во однос на заводски воспитни мерки.

Во табелите кои ни се прикажани во понатамошниот дел од мојот магистерски труд ќе можеме да го видиме бројот на пријавени деца во судир со законот како и бројот на осудени деца во судир со законот и тоа според групите на кривични дела и видот на одлуката односно изречените кривични санкции, за период од 5 години и тоа од 2017 до 2021 година во Република Северна Македонија.

Врз основа на прикажаните податоци ќе направам анализа на приложените табели односно користејќи го компаративниот метод и методот на анализа ќе направам споредба на бројот на пријавени деца во судир со законот, сторители на кривични дела како и бројот на осудените деца во судир со законот односно сторители на кривични дела.

Споредбата на податоците ќе ја извршам на тој начин што секоја година од наведениот период од 2017 до 2021 година ке ја споредам една со друга, при што ќе може да се види дали споменатите бројки од година во година имаат тенденција на зголемување или на намалување.

Табела 1- Број на пријавени деца во судир со законот според групи на кривични дела и видот на одлуките за 2017 во Р.С.Македонија

	Вкупно	Поднесен предлог за изрекување казна/мерка	Постапката не е поведена	Подготвителната постапка е запрена
Вкупно	578	370	113	95
КД против животот и телото	55	43	5	7
КД против слободите и правата На човекот и граѓанинот	8	1	4	3
КД против бракот, семејството и младината	2	/	2	/
КД против имотот	374	221	86	67
КД против здравјето на луѓето	15	10	2	3
КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството	2	2	/	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	9	8	/	1
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	38	28	6	4
КД против правосудството	3	2	1	/
КД против правниот сообраќај	1	/	1	/
КД против јавниот ред	71	55	6	10

Извор: Завод за статистика (2017)

Табела бр.2 - Осудени деца во судир со закон според групите на кривични дела и изречените кривични санкции во 2017г. во Р.С.Македонија

	Вкупно	Деца во судир со закон од 14 до 16 години			
		Вкупно	Дисциплински мерки	Мерки на засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	368	112	11	97	4
КД против животот и телото	29	2	/	1	1
КД против половата слобода и половиот морал	2	1	/	1	/
КД против здравјето на луѓето	7	/	/	/	/
КД против животната средина и природата	1	/	/	/	/
КД против имотот	251	84	7	74	3
КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	1	/	1	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	2	1	1	/	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	32	11	2	9	/
КД против правосудството	2	/	/	/	/
КД против правниот сообраќај	2	/	/	/	/
КД против јавниот ред	37	11	1	10	/

Извор: Завод за статистика (2017)

Табела 3- Осудени деца во судир со закон според кривичното дело и изречените кривични санкции во 2017 г. Во Р.С. Македонија

	Деца во судир со закон од 16 до 18 години											
	Затвор за деца во судир со закон								Воспитни мерки			
	вкупно	се	До 10 Год.	Од 8 до 10 Год.	Од 5 до 8г.	Од 3 До 5 г.	Од 2 До 3 г.	До 2 год	се	Дис-Циплин-Ски мерки	Мерки На Засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	256	5	/	/	1	3	/	1	251	39	203	9
КД против животот и телото	27	1	/	/	1	/	/	/	26	3	23	/
КД против слободите и правата На човекот и граѓанинот	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против половата слобода и половиот морал	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против здравјето на луѓето	7	/	/	/	/	/	/	/	7	1	5	1
КД против животната средина и природата	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против имотот	167	4	/	/	/	3	/	1	163	21	135	7
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	21	/	/	/	/	/	/	/	21	7	14	/
КД против правосудството	2	/	/	/	/	/	/	/	2	2	/	/
КД против правниот сообраќај	2	/	/	/	/	/	/	/	2	1	1	/
КД против јавниот ред	26	/	/	/	/	/	/	/	26	4	21	1

Извор: Завод за статистика (2017)

Табела 4- Број на пријавени деца во судир со законот според групи на кривични дела и видот на одлуките за 2018 во Р.С.Македонија

	Вкупно	Поднесен предлог за изрекување казна/мерка	Постапката не е поведена	Подготвителната постапка е запрена
Вкупно	554	318	158	78
КД против животот и телото	60	36	17	7
КД против слободите и правата На човекот и граѓанинот	7	6	1	/
КД против бракот, семејството и младината	2	1	1	/
КД против половата слобода и полов морал	2	1	/	1
КД против имотот	356	201	100	55
КД против здравјето на луѓето	20	12	7	1
КД против животната средина и природата	5	1	1	3
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	2	1	1	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	38	21	15	2
КД против државата	1	1	/	/
КД против правниот сообраќај	1	1	/	/
КД против јавниот ред	59	35	15	09
КД против човечноста и меѓународното право	1	1	/	/

Извор: Завод за статистика (2018)

Табела бр5- Осудени деца во судир со закон според групите на кривични дела и изречените кривични санкции 2018 год во Р.С. Македонија

	Вкупно	Деца во судир со закон од 14 до 16 години			
		Вкупно	Дисциплински мерки	Мерки на засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	330	73	10	57	6
КД против животот и телото	44	11	1	10	/
КД против половата слобода и половиот морал	2	/	/	/	/
КД против здравјето на луѓето	10	/	/	/	/
КД против животната средина и природата	1	/	/	/	/
КД против имотот	188	47	4	39	4
КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството	2	/	/	/	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	2	/	/	/	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	25	8	4	4	/
КД против правосудството	/	/	/	/	/
КД против правниот сообраќај	1	/	/	/	/
КД против јавниот ред	53	7	1	4	2

Извор: Завод за статистика (2018)

Табела бр.6- Осудени деца во судир со закон според кривичното дело и изречените кривични санкции 2018 во Р.С. Македонија

	Деца во судир со закон од 16 до 18 години											
	Затвор за деца во судир со закон								Воспитни мерки			
	вкупно	се	До 10 Год.	Од 8 до 10 Год.	Од 5 до 8г.	Од 3 До 5 г.	Од 2 До 3 г.	До 2 год	се	Дис-Циплин-Ски мерки	Мерки На Засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	257	3	/	/	1	/	1	1	254	36	208	10
КД против животот и телото	33	/	/	/	1	/	/	/	33	6	26	1
КД против слободите и правата На човекот и граѓанинот	2	/	/	/	/	/	/	/	2	/	2	/
КД против половата слобода и половиот морал	2	/	/	/	/	/	/	/	2	/	2	/
КД против здравјето на луѓето	10	/	/	/	/	/	/	/	10	/	9	1
КД против животната средина и природата	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против имотот	141	3	/	/	1	/	1	1	138	21	109	8
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	2	/	/	/	/	/	/	/	2	/	2	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	17	/	/	/	/	/	/	/	17	8	9	/
КД против правниот сообраќај	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против јавниот ред	46	/	/	/	/	/	/	/	46	1	45	/

Извор: Завод за статистика (2018)

Табела бр.7 Број на пријавени деца во судир со законот според групи на кривични дела и видот на одлуките за 2019 во во Р.С. Македонија

	Вкупно	Поднесен предлог за изрекување казна/мерка	Постапката не е поведена	Подготвителната постапка е запрена
Вкупно	**525**	**358**	**123**	**44**
КД против животот и телото	49	38	4	7
КД против слободите и правата На човекот и граѓанинот	6	3	1	2
КД против честа и угледот	1	/	1	/
КД против бракот, семејството и младината	5	2	2	1
КД против имотот	294	210	61	23
КД против здравјето на луѓето	26	17	9	/
КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	1	/	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	5	4	1	0
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	45	26	18	1
КД против правосудството	1	/	1	/
КД против правниот сообраќај	1	1	/	/
КД против јавниот ред	71	46	18	7

Извор: Завод за статистика (2019)

Табела бр.8 Осудени деца во судир со закон според групите на кривични дела и изречените кривични санкции 2019 во Р.С. Македонија

	Вкупно	Деца во судир со закон од 14 до 16 години			
		Вкупно	Дисциплински мерки	Мерки на засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	304	82	20	60	2
КД против животот и телото	38	16	3	12	1
КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот	3	/	/	/	/
КД против половата слобода и половиот морал	3	/	/	/	/
КД против бракот, семејството и младината	1	/	/	/	/
КД против здравјето на луѓето	18	2	1	1	/
КД против имотот	181	54	14	39	1
КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	/	/	/	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	3	1	/	1	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	24	5	1	4	/
КД против правниот сообраќај	1	/	/	/	/
КД против јавниот ред	29	3	/	3	/
КД противчовечноста и меѓ. право	1	/	/	/	/
КД од посебни закони	2	1	1	/	/

Извор: Завод за статистика (2019)

Табела бр.9 Осудени деца во судир со закон според кривичното дело и изречените кривични санкции 2019 во Р.С. Македонија

	Деца во судир со закон од 16 до 18 години											
	Затвор за деца во судир со закон								Воспитни мерки			
	вкупно	се	До 10 Год.	Од 8 до 10 Год.	Од 5 до 8г.	Од 3 До 5 г.	Од 2 До 3 г.	До 2 год	се	Дис-Циплин-Ски мерки	Мерки На Засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	218	2	/	/	/	/	/	2	216	30	185	1
КД против животот и телото	22	/	/	/	/	/	/	/	22	3	19	/
КД против слоб. и правата На човекот и граѓанинот	3	/	/	/	/	/	/	/	3	/	3	/
КД против половата слоб. и половиот морал	2	/	/	/	/	/	/	/	2	/	2	/
КД против бракот семејството и младината	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против здравјето на луѓето	16	/	/	/	/	/	/	/	16	3	13	/
КД против имотот	124	/	/	/	/	/	/	1	123	16	107	/
КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	2	/	/	/	/	/	/	/	2	/	2	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	19	1	/	/	/	/	/	1	18	5	13	/
КД против правниот сообраќај	1	/	/	/	/	/	/	/	1	1	/	/
КД против јавниот ред	25	/	/	/	/	/	/	/	25	2	22	1
КД против човечноста и меѓ.право	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД од посебни закони	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/

Извор: Завод за статистика (2019)

Табелабр.10- Број на пријавени деца во судир со законот според групи на кривични дела и видот на одлуките за 2020 во Р.С.Македонија

	Вкупно	Поднесен предлог за изрекување казна/мерка	Постапката не е поведена	Подготвителната постапка е запрена
Вкупно	**610**	**413**	**124**	**73**
КД против животот и телото	60	50	7	3
КД против слободите и правата На човекот и граѓанинот	11	2	8	1
КД против половата слобода и полов морал	8	8	/	/
КД против бракот, семејството и младината	3	1	1	1
КД против здравјето на луѓето	147	123	20	4
КД против животната сред. И природата	2	2	/	/
КД против имотот	272	158	62	52
КД проти културно наследство и природни реткости	2	1	/	1
КД против јавни финансии, пл. Промет и стопанство	3	2	1	0
КД против општа сигурност на луѓето и имотот	4	2	1	1
КД безбедноста на јавниот сообраќај	28	15	9	4
КД против правосудството	1	1	/	/
КД против правниот сообраќај	2	2	/	/
КД против јавниот ред	65	45	14	6
КД од посебни закони	2	1	1	/

Извор: Завод за статистика (2020)

Табела бр.11 Осудени деца во судир со закон според групите на кривични дела и изречените кривични санкции 2020 во Р.С. Македонија

	Вкупно	Деца во судир со закон од 14 до 16 години			
		Вкупно	Дисциплински мерки	Мерки на засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	350	80	27	50	3
КД против животот и телото	39	12	2	9	1
КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот	4	/	/	/	/
КД против половата слобода и половиот морал	5	1	/	1	/
КД против бракот, семејството и младината	1	/	/	/	/
КД против здравјето на луѓето	66	13	8	4	1
КД против имотот	153	34	11	22	1
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	2	1	1	/	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	28	7	5	2	/
КД против правниот сообраќај	3	/	/	/	/
КД против јавниот ред	48	12	/	12	/
КД против човечноста и меѓ. право	1	/	/	/	/
КД од посебни закони	2	1	1	/	/

Извор: Завод за статистика (2020)

Табела бр.12- Осудени деца во судир со закон според кривичното дело и изречените кривични санкции 2020 во Р.С. Македонија

	Деца во судир со закон од 16 до 18 години											
	Затвор за деца во судир со закон								Воспитни мерки			
	вкупно	се	До 10 Год.	Од 8 до 10 Год.	Од 5 до 8г.	Од 3 До 5 г.	Од 2 До 3 г.	До 2 год	се	Дис-Циплин-Ски мерки	Мерки На Засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	270	1	/	/	/	/	/	1	269	76	186	7
КД против животот и телото	27	/	/	/	/	/	/	/	27	8	18	1
КД против слоб. и правата На човекот и граѓанинот	4	/	/	/	/	/	/	/	4	1	3	/
КД против половата слоб. и половиот морал	4	/	/	/	/	/	/	/	4	2	2	/
КД против бракот семејството и младината	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против здравјето на луѓето	53	/	/	/	/	/	/	/	53	30	21	2
КД против имотот	119	1	/	/	/	/	/	1	118	20	94	4
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	21	/	/	/	/	/	/	/	21	6	15	/
КД против правниот сообраќај	3	/	/	/	/	/	/	/	3	1	2	/
КД против јавниот ред	36	/	/	/	/	/	/	/	36	8	28	/
КД против човечноста и меѓ.право	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД од посебни закони	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/

Извор: Завод за статистика (2020)

Табела бр.13- Број на пријавени деца во судир со законот според групи на кривични дела и видот на одлуките за 2021 во Р.С.Македонија

	Вкупно	Поднесен предлог за изрекување казна/мерка	Постапката не е поведена	Подготвителната постапка е запрена
Вкупно	**589**	**377**	**130**	**82**
КД против животот и телото	52	36	10	6
КД против слободите и правата На човекот и граѓанинот	5	5	/	/
КД против половата слобода и полов морал	15	13	/	2
КД против бракот, семејството и младината	10	3	6	1
КД против здравјето на луѓето	115	98	15	2
КД против животната сред. И природата	2	/	/	2
КД против имотот	289	141	91	57
КД против јавни финансии, пл. Промет и стопанство	1	1	/	/
КД против општа сигурност на луѓето и имотот	4	4	/	/
КД безбедноста на јавниот сообраќај	37	28	6	3
КД против државата	1	1	/	/
КД против правосудството	2	1	1	/
КД против правниот сообраќај	2	2	/	/
КД против јавниот ред	54	44	1	9

Извор: Завод за статистика (2021)

Табела бр.14- Осудени деца во судир со закон според групите на кривични дела и изречените кривични санкции 2021 во Р.С. Македонија

	Вкупно	Деца во судир со закон од 14 до 16 години			
		Вкупно	Дисциплински мерки	Мерки на засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	382	93	28	55	10
КД против животот и телото	25	3	2	1	/
КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот	4	1	/	1	/
КД против половата слобода и половиот морал	9	5	/	5	/
КД против бракот, семејството и младината	2	/	/	/	/
КД против здравјето на луѓето	94	14	5	9	/
КД против жив.средина и природата	2	1	1	/	/
КД против имотот	164	53	15	28	10
КД против јавни финансии платен промет и стопанството	3	1	1	/	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	3	/	/	/	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	28	8	2	6	/
КД против правосудство	2	/	/	/	/
КД против правниот сообраќај	1	/	/	/	/
КД против јавниот ред	45	7	2	5	/

Извор: Завод за статистика (2021)

Табела бр.15- Осудени деца во судир со закон според кривичното дело и изречените кривични санкции 2021 во Р.С. Македонија

	Деца во судир со закон од 16 до 18 години											
	Затвор за деца во судир со закон								Воспитни мерки			
	вкупно	се	До 10 Год.	Од 8 до 10 Год.	Од 5 до 8г.	Од 3 До 5 г.	Од 2 До 3 г.	До 2 год	се	Дис-Циплин-Ски мерки	Мерки На Засилен надзор	Заводски мерки
Вкупно	289	1	/	/	/	/	/	1	288	77	199	12
КД против животот и телото	22	/	/	/	/	/	/	/	22	11	11	/
КД против слоб. и правата На човекот и граѓанинот	3	/	/	/	/	/	/	/	3	3	/	/
КД против половата слоб. и половиот морал	4	/	/	/	/	/	/	/	4	/	4	/
КД против бракот семејството и младината	2	/	/	/	/	/	/	/	2	1	1	/
КД против здравјето на луѓето	80	1	/	/	/	/	/	1	79	24	53	2
КД против животната средина	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против имотот	111	/	/	/	/	/	/	/	111	24	79	8
КД против јавните финансии, пл.промет и стопанството	2	/	/	/	/	/	/	/	2	/	2	/
КД против општата сигурност на луѓето и имотот	3	/	/	/	/	/	/	/	3	/	3	/
КД против безбедноста на јавниот сообраќај	20	/	/	/	/	/	/	/	20	7	12	1
КД против правосудството	2	/	/	/	/	/	/	/	2	1	1	/
КД против правниот сообраќај	1	/	/	/	/	/	/	/	1	/	1	/
КД против јавниот ред	38	/	/	/	/	/	/	/	38	6	31	1

Извор: Завод за статистика (2021)

III. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА

Од анализата на податоците во табелите може да се воочи дека се потврдува нашата претпоставка дека малолетниците почесто вршат кривични дела против имотот во однос на другите кривични дела. Исто така , може да се забележи дека после овој вид на кривични дела кои ги извршуваат малолетниците, следуваат кривичните дела против здравјето на луѓето, јавниот ред како и кривичните дела против безбедноста во сообраќајот.

Табела бр.16- Пријавени деца во судир со законот според групи на КД за период од 2017-2021 год.

	КД против имотот	**КД против здравјето**	**КД против јавниот ред**	**КД против животот и телото**	**КД против безбедноста во јавниот сообраќај**
Вкупно (2017-2021)	1585	323	320	276	186


Извор: сопствени пресметки

Од табелата погоре можеме да забележиме дека:

- На прво место со најголем број на пријави се поднесени за кривични дела против имотот и тоа во 1585 случаи.
- На второ место се кривичните дела против здравјето на луѓето и тоа оваа бројка бележи значителен пораст во 2020 и 2021 година а тоа се должи на глобалната ситуација со КОВИД 19 која ја зафати и нашата земја и поради тоа што беа донесени мерки од страна на Владата на Р.С.Македонија за справување со пандемијата од КОВИД 19, ваквите дела сторени од малолетници се со зголемен пораст во наведените две години.
- На трето место се кривичните дела против јавниот ред односно во периодот од 2017 до 2021 година има 320 пријави.
- На четврто место се кривичните дела против животот и телото со вкупно 276 пријави.

- На крај на петто место се кривичните дела против јавниот сообраќај со бројка од 186 пријави.

Сите овие податоци изразени преку процент на застапеност можеме да ги видиме на следниот **Графикон бр.1** :



Графикон бр. 1

За наведениот период од 2017 до 2021 година од вкупно пријавени 2856 деца во судир со законот, дури 372 кривични постапки се запрени пред совет за малолетници. Таквата ситуација не наведува на помисла дека воспитните мерки како алтернативни мерки на реагирање на криминалитетот на малолетниците ја нашле својата примена во пракса.


Во однос на пријавените деца во судир со законот од табелите можеме да воочиме дека од поднесени вкупно 2856 пријави, во 1836 случаи е поднесен предлог за изрекување

казна односно мерка, во 648 случаи постапката не е поведена и во 372 случаи подготвителната постапка е запрена. Тоа можеме да го забележиме на следната табела:

Табела бр.17

	Вкупно	**Поднесен предлог за изрекување казна/мерка**	**Постапката не е поведена**	**Подготвителната постапка е запрена**
2017	578	370	113	95
2018	554	318	158	78
2019	525	358	123	44
2020	610	413	124	73
2021	589	377	130	82
Вкупно (збир)	**2856**	**1836**	**648**	**372**

Извор: сопствени пресметки




Графикон 2: Анализа на податоци за пријавени деца во судир со законот

На табелата подолу може да забележиме дека статистичките податоци покажуваат дека повеќето кривични постапки спрема малолетниците се завршуваат со изрекување на воспитна мерка засилен надзор и тоа дури во 981 случај од вкупно 1278 изречени воспитни мерки, додека изречени се 258 дисциплински мерки а бројот на заводски мерки е 39.

Табела бр.18

	Затвор за деца во судир со законот	**Воспитни мерки**			
		Вкупно	Дисциплински мерки	Мерки на засилен надзор	Заводски мерки
2017	6	251	39	203	9
2018	4	254	36	208	10
2019	2	216	30	185	1
2020	1	269	76	186	7
2021	1	288	77	199	12
Вкупно (збир)	**14**	**1278**	**258**	**981**	**39**

Извор: сопствени пресметки




Графикон бр.3
Воспитни мерки изречени во периодот од 2017-2021 год.

Малолетнички затвор во периодот од 2017 до 2021 година е изречен само во 14 случаи и тоа најчесто е изрекувана мерката затвор до 2 години односно во 6 случаи, затвор од 2 до 3 години е изречен во 1 случај, затвор од 3 до 5 години е изречен во 3 случаи, затвор од 5 до 8 години е изречен во 2 случаи, и затвор од 8 до 10 години е изречен во 2 случаи. Можеме да забележиме дека во овој период малолетнички затвор во траење до 10 години воопшто не е изречен. Овие податоци можеме да ги забележиме на табелата подолу:

Табела бр.19

	Затвор за деца во судир со законот						
	Вкупно	**До 10 години**	**Од 8 до 10 години**	**Од 5 до 8 години**	**Од 3 до 5 години**	**Од 2 до 3 години**	**До 2 години**
2017	6	/	1	1	3	/	1
2018	4	/	1	1	/	1	1
2019	2	/	/	/	/	/	2
2020	1	/	/	/	/	/	1
2021	1	/	/	/	/	/	1
Вкупно (збир)	**14**	**0**	**2**	**2**	**3**	**1**	**6**

Извор: Завод за статистика (2017-2021)



Со оглед на тоа дека малолетнички затвор се изрекува само во случај при извршување на кривични дела за кои е предвидена казна затвор во траење од најмалку 5 години, и дека е потребен висок степен на вина- можеме да заклучиме дека малолетниците многу ретко извршуваат вакви кривични дела и дека нивните дела воглавно се насочени кон прибавување имотна корист.

Споредбена анализа на бројот на пријавени и осудени деца во судир со законот за периодот од 2017 до 2021 год. :

- Бројот на пријавените деца во судир со законот односно сторители на кривични дела во 2018 година е намален за 4,15% во споредба со 2017 година. Во 2018 година во споредба со 2017 година, бројот на осудените деца во судир со законот сторители на кривични дела е намален за 10,3%.
- Бројот на пријавените деца во судир со законот односно сторители на кривични дела во 2019 година е намален за 5,02% во споредба со 2018 година. Во 2019 година во споредба со 2018 година, бројот на осудените деца во судир со законот сторители на кривични дела е намален за 7,09%.
- Бројот на пријавените деца во судир со законот односно сторители на кривични дела во 2020 година е зголемен за 16,02% во споредба со 2019 година. Во 2020 година во споредба со 2019година, бројот на осудените деца во судир со законот сторители на кривични дела е зголемен за 15,01%.
- Бројот на пријавените деца во судир со законот односно сторители на кривични дела во 2021 година енамален за 3,04% во споредба со 2020 година. Во 2021 година во споредба со 2020 година, бројот на осудените деца во судир со законот сторители на кривични дела е зголемен за 9,01%.

Заклучок

Со донесување на Законот за правда на децата, уредена е материјата во постапувањето со децата сторители на дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци, при што се определуваат условите за мерки на помош, грижа и заштита, како и воспитни и алтернативни мерки за казнување на децата и помладите полнолетни лица. Исто така регулирана е положбата, улогата, надлежноста на органите кои учествуваат во постапувањето со деца како и извршувањето на воспитните и алтернативните мерки и казните. Сметам дека тоа е доста позитивен чекор со оглед на тоа дека пружаат можност за еден сосема нов пристап за решавање на проблемот со малолетните сторители на кривични дела, кој пред се става акцент на добросостојбата на малолетникот. Меѓутоа, со донесување на овој закон не треба да биде ставена точка на оваа материја. Квалитетната постапка спрема малолетниците може да се спроведе единствено преку мултидициплинарен пристап но и преку постојано стручно усовршување во оваа област и размена на искуства помегу професионалците вработени во различни сектори кои се баваат со малолетници, со посебен фокус на примери и добра пракса од различни земји. Понатаму мора да се осигура поголемо ниво на соработка помегу државните органи кои учествуваат во постапката спрема малолетници.

Поаѓајки од целите на ЗПД односно остварување на приоритетен интерес и заштита на децата од криминал, насилство и од кој и да било друг облик на загрозување на слободите и правата на децата, потребно е да се осигура нивен правилен развој но и заштита на децата сторители на кривични дела и прекршоци да не се случува повратништво во извршување на такви дела. Потребна е поголема грижа околу нивна социјализација, воспитание и превоспитување, како и помош и пружање на грижа за децата и нивна заштита во постапката пред судот како и пред другите органи со цел обезбедување на слободите и правата кои се загарантирани со Уставот на Р.С. Македонија, како и со Конвенцијата за правата на детето и меѓународните договори за положбата на децата кои се ратификувани согласно Уставот.

Сметам дека треба многу повеке да се работи на едукација на кадрите кои работат со малолетните деликвенти, посебно во поглед на невропсихолошките, когнитивните, социјално емотивните аспекти на негативното однесување на малолетниците кое има и

своја процесна вредност. Тоа се гледа во можноста сите тие знаења да се употребат за подобро разбирање на малолетничкото престапништво и како резултат на тоа да се унапреди квалитетот на донесување одлуки на сите критични точки во постапката спрема малолетниците со цел да не биде компромитиран нивниот нормален развој а воедно истиот да биде унапреден.

Мислам дека со воведување на обврската да се направи обид со примена на воспитни мерки во одредени ситуации во одредени случаи ќе има позитивен ефект како на самата постапка спрема малолетниците така и на воедначување на судската пракса кој е доста хетерогена кога станува збор за воспитните мерки. Сметам дека центарот за социјални работи во целокупнат постапка спрема малолетници има недоволно јасна улога и дека е неопходно донесување на соодветен протокол кој во потполност ке го регулира постапувањето на центарот за социјални работи од една страна, а од друга страна ке овозможи примена на воспитните мерки и посебните обврски кога за нивно извршување е потребно учество на други државни органи јавни установи и јавни претпријатија.

Во мојот магистерски труд предмет на интерес и анализа беше положбата на малолетните лица во кривичната постапка целта и неговата цел беше да утврдиме каква положба имаат малолетниците во кривичната постапка , при што посветивме внимание на сите можни улоги на малолетникот во кривичната постапка. Малолетниците во кривичната постапка не се јавуваат само како извршители на кривични дела туку имаат улога на жртви и сведоци .

Важечките закони во нашата земја а посебно Законот за правда на децата со кој е започната реформата во малолетничкото казнено право се темелат на општо прифатените принципи на заштита спрема малолетните лица . Кривичната постапка која се води спрема малолетници изобилува со специфичности шшто ја прават оваа постапка посебна . Во постапката спрема малолетници важат правилата кои инаку не важат во редовната кривична постапка , како што е случајот со забрана за судење во отсуство , широка примена на начелото на опортунитет во кривичното гонење а повеќето од тие правила се установени првенствено заради заштита на најдобриот интерес на детето. За заштита на најдобриот интерес на детето мора да се води сметка за сите учесници во постапката бидејки честопати малолетникот не е во состојба да ги

заштити своите права и интереси, односно не располага со потребни знаења и искуства кои ги имаат учесниците во постапката.

Со цел заштитата спрема малолетниците да биде што покомплетна Законот за правда на децата пропишува задолжителна специјализација на судот, јавниот обвинител за малолетници како и бранителите за малолетници. Стручната одбрана за малолетникот е задолжителна од самото покренување на постапката. Малолетниот обвинет (иако во во постапката не се означува како обвинет) во постапката ги има истите права како и полнолетните обвинети. Основно право на малолетникот од кое произлегуваат и другите права на малолетниот сторител на кривични дела е правото на одбрана .

Посебно внимание со законот за правда на децата им се посветува на малолетните лица жртви на кривични дела . Со оглед на тоа што овие лица се веќе виктимизирани , учесниците во постапката мора да се залагаат во што поголема мера да бидат затитени нивните права и интереси со цел да се спречи секундарна вектимизација.

Во прилог на тоа говорат и одредбите на законот кои се однесуваат на забраната за соочување на малолетните жртви со обвинетиот и избегнување на повеке поредни сослушувања. Недостатокот на законското решение е тоа што не е предвидена забрана на соочување на малолетникот со други сведоци на критичниот настан , со оглед на тоа што и со соочувањето со тие лица може да има негативни последици за психичката состојба на малолетникот.

Што се однесува на улогата на сведок несомнено е дека малолетниците можат да бидат сослушани како сведоци мегутоа се поставува прашањето во која мерка може да се верува на изјавата на малолетникот со оглед на неговата возраст и душевната развиеност.

Користена литература:

1. Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л. , Кошевалиска О. , Кривично постапување спрема деца во ризик и во судир со законот, Скопје 2015
2. Авдић Селведин, Породица као фактор малолетничке делинквенције, Зборник радова Правног факултета у Нишу, Правни факултет Ниш, 2012, бр. 60. стр. 53-63;
3. Анализа на социјалната состојба на децата кои ја загубиле или се изложени на ризик од губење на родителската грижа во град Скопје – Богоевска .Н. Борнарова .С 2013 год
4. Димовски Дарко, Мирић Филип, Политика сузбијања малолетничке делинквенције као детерминанта друштвеног развоја, Анали пословне економије, Универзитет за пословни инжењеринг и менаџмент, Бања Лука, 2013, год. 5, свеска 2, бр. 9;
5. Димитриоска . С Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела Скопје 2012 год.
6. Димитриоска. С: Деца и млади во ризик - мерки на помош и заштита Уницеф 2008 год Скопје.
7. Димитриевич , Д . Проблеми кривичног поступка према малолетницима Институт за криминолошки и социолошка истраживања Београд 2007.
8. Димитриевич: Личност малолетних деликвента- Годишњак за психологију Филозофски факултет Ниш 2006.
9. Камбовски. В Теоретски основи на новиот законски модел на малолетничка правда , Македонска ревија за казнено право и криминологија бр 3 2006 год.
10. Камбовски . В Казнено право посебен дел 2003 просветно дело Скопје.
11. Камбовски . В Велкова .Т.: Малолетничка правда , документи на Обиденетите нации , закон за малолетничка правда со коментари 2 август Штип 2008.
12. Камбовски . В: Мегународно казнено право, просветно дело Скопје 2000 год.
13. Кнежевик Томашев и Маркович : проблеми у извршењу васпитних мјера Билтен окружног суда у Београду бр 79 . 2009 год.
14. Констатиновић Вилић, С. Костић, М. (2011). Пенологија. Ниш: Центар за публикације.

15. Констатиновић Вилић, С. Костић, М. (2013). Систем извршења кривичних санкција и пенални третман у Србији. Ниш: Центар за публикације Правног факултета.
16. Програма за развој на заштита на децата 2009, Влада на Република Македонија, Скопје Анализа за примената на законот за малолетничка правда, 2011, Скопје Анализа за примена на Законот за малолетничка правда во Центрите за социјална работа во РМ во2011 и 2012 година
17. УНИЦЕФ, 2008, Децата во Република Македонија, Скопје
18. УНИЦЕФ, 2010, Оценка на постигнувањата во реформите во сферата на малолетничката правда
19. УНИЦЕФ, 1999, Анализа на положбата на децата и младите во системот на малолетничка
20. Правда за децата-Прирачник, 2010, УНИЦЕФ

Законски прописи

1. Закон за малолетничка правда (службен весник на Р. Македонија , бр 87-2007 103-2008, 161-2008, 145-2010)
2. Закон за правда на децата (Службен весник на Р.М бр.148/13, и Службен весник на РСМ бр.152/19 и бр. 275/12)
3. Закон за заштита на децата (службен весник на Р.Македонија бр 98-2000. 17-2003 . 65-2004, 113 – 2005, 98-2008, 107 – 2008, 83-2009 23-2013)
4. Закон за извршување на санкциите (службен весник на Р. Македонија бр 2-2006, 33-2015,
5. Закон за кривична постапка (службен весник на РМ бр. 150 -2010 , бр. 100/12 и бр.198/18)
6. Кривичен законик (службен весник на Р.М бр 37-96, 80 -99, 4-2002, 43-2003, 19-2004, 81-2005, 60 – 2006, 73- 2006 , 7 – 2008.)
7. Закон за судовите (службен весник 150-2010).
8. Закон за прекршоците (службен весник 51-2011)
9. Закон за медијација (службен весник 188 -2013)

Меѓународни правни документи:

1. Конвенција на ООН за правата на детето, од 12 декември 1989, A/PE3/44/25
2. Стандардни минимални правила на ООН за спроведување на малолетничка правда (Пекиншки правила) од 29 ноември 1985, A/PE3/40/33
3. Упатства на ООН за спречување на малолетничката деликвенција (Ријадски упатства) од 14 декември 1990, A/PE3/45/112.
4. Прописи на ООН за зашита на малолетниците лишени од слобода, (Хавански правила) од 14 декември 1990, A/PE3/24/113
5. Упатства за постапувањето со децата во рамки на кривично-правниот систем 1997 година
6. Основни начела на ОН за употреба на програмите за ресторативна правда во кривичната сфера 2002 година.

Интернет извори:

1. **https://dspdp.com.mk/za-dspdp/**
2. https://www.stat.gov.mk/pdf/2018/2.1.18.17.pdf
3. https://www.stat.gov.mk/pdf/2019/2.1.19.17_mk.pdf
4. https://www.stat.gov.mk/pdf/2020/2.1.20.17_mk.pdf
5. https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/2.1.21.16_mk.pdf
6. https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.18_mk.pdf
7. https://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=14
8. http://www.unicef.org/videoaudio/PDFs/Conceptual_Clarity_Paper_Oct_2010.df
9. www.preventionaction.org
10. http://www.stetoskop.info/Uticaj-medija-na-maloletnicku-deIikvenciju-u-Srbiji4663-s1-content.htm
11. http://sr.wikipedia.org/
12. www.childhoodfirst.org
13. www.preventionaction.org
14. http://education.muprs.org/wp-content/uploads/2014/12/Zbornik-Maloljetnickadelinkvencija.pdf
15. http://psiholeta.blogspot.com/2012/05/maloletnicka-delikvencija.html
16. https://kristinacumic.wordpress.eom/2013/05/15/pojam-maloletnickedelikvencije/